**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петтото продолжение на Осумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 септември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,24 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа по Осумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Иван Стоиљковиќ, Андреј Жерновски, Ѓорѓи Оровчанец, Петар Поп Арсов, Али Ахмети, Хајрула Мисини, Владимир Ѓорчев, Владо Бучковски и Фијат Цаноски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 29 - Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.**

Предлогот на завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2007 година и Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општиот претрес да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се пријавија министерот за финансии, господинот Игор Ивановски, господинот Марјанчо Николов и госпоѓата Весна Бендевска.

Пред тоа процедурално се пријави господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе, почитувани присутни.

Мојата процедурална забелешка се однесува на тоа пред да почнеме со расправа да се договориме по колку време ќе имаме, како пријавени за дискусија по однос на завршната сметка, право да зборуваме. Ако знаеме дека Главата 9 која се однесува на завршната сметка и на Буџетот сеуште не е во сила во тој случај сметам дека треба да ги практикуваме одредбите од стариод деловник каде не е ограничено зборувањето.

Би сакал на самиот почеток да ни разјасните како ќе оди процедурата околу времетраењето на говорите по однос на завршната сметка за Буџетот за 2007 година?

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Во однос на вашата процедурална забелешка и по оваа точка на дневниот ред се применува членот 86, каде пишува дека пратеникот во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, известителот на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија 10 минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот можат да говорат, но не повеќе од 15 минути вкупно.

Членот 86 не се однесува на Глава 9 каде има одложена примена, туку на Глава 5 - седница на Собранието. Со оглед на тоа се применува како за другите точки така и за оваа точка од дневниот ред членот 86 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За процедурално е јавена госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Почитуван господине претседателе, јас мислам дека по мене грешно се толкува Деловникот. Точно е дека постапката за донесување на буџет на Република Македонија и завршна сметка на буџетот е со одложна примена, меѓутоа, членот 86 кој вие го цитиравте ставот 3 гласи: “Ограничувањето на времето за дискусија од ставот 1 на овој член не се однесува на постапки за измена на Уставот, постапка за донесување на буџетот”, бидејќи постапка за донесување на буџетот и во други случаеви, начинот на кој постапката или процедурата која важи за донесување на буџетот, а тоа е да нема ограничување на времетраењето на дискусијата значи дека во иста постапка се изменува буџетот и во иста постапка или иста постапка треба да важи и за усвојување на завршната сметка по буџетот. Ова е член 86 став 4.

Мислам дека не треба да го кршиме Деловникот, треба да си ја примениме барем онаа одредба која е веќе влезена во сила. Со оглед на тоа што немаме многу дискутанти, пријавени се четири дискутанти вклучително и министерот за финансии дајте да не го кршиме Деловникот и да се придржуваме кон ставот 3 од членот 86, а подоцна кога ќе влезе во примена Главата 9 ќе се применува одредбата од член 180 став 3 каде што практично ограничена е дебатата на 20 минути.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓо Цветанка Иванова кога го читавте членот 86 при самото читање вие прочитавте и тогаш видовте дека не зборуваме за иста работа.

Членот 86 став 3 - “Ограничувањето на времето на дискусија од ставот 1 на овој член не се однесува” стрикно се наброени “на постапката на измена на Уставот на Република Македонија, на постапката за донесување на буџетот на Република Македонија”, значи за донесување на буџетот на Република Македонија. Не е за завршната сметка на буџетот на Република Македонија.

За покренување на постапка за утврдување одговорност на Претседателот на Републиката и на прашањето за доверба на Владата.

За тие четири прашања не се однесува ограничувањето.

Завршната сметка на буџетот на Република Македонија не е постапка за донесување на буџет на Република Македонија. И во самата Глава 9 во членот 180, исто и членот 181 одредбите на овој

Деловник што се однесуваат на постапката за донесување на закон соодветно се применуваат. И во постапката за донесување на буџетот на Република Македонија и на завршната сметка на буџетот.

Значи, сосема различни постапки се за завршна сметка на буџетот и постапка за донесување на буџетот на Република Македонија.

Затоа сметам дека непотребно се дава процедурална забелешка во однос на толкувањето и примената на Деловникот. Инаку, не е спорно дали се 4 говорници или повеќе пријавени, конкретно, за конкретниот случај сметам дека ограничувањето по членот 86 важи и за точката 29 - Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Македонија.

Продолжуваме со работа.

Има збор министерот за финансии, повелете министре.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2007 година е изготвена согласно член 52 од Законот за буџетите. Со Буџетот на Република Македонија за 2007 година беше дефинирана фискална политика генерално насочена кон остварување на подинамичен економски развој заснована на потврдената практика на земјите во транзиција, согласно која ефикасните даночни системи со едноставни, транспарентни и ниски даноци се еден од основните предуслови за економски напредок и зголемени продуктивни капитални инвестиции.

Продолжувањето на дисциплинираната буџетска потрошувачка претставуваше една од основните или еден од основните постулати на фискалната политика за 2007 година. Во рамките на процесот на подготовка на Буџетот се продолжи со реформските активности во функција на транспарентно и консолидирано прикажување на јавните приходи и расходи усогласени со стратешките планови на одделни буџетски корисници.

Во 2007 година беше планирана стапка на раст на бруто домашниот производ од 6% пред се како резултат на планираните реформи во економската и пошироко општествената сфера во Република Македонија особено реформите во даночната сфера со воведување на рамниот данок на доход и данокот од добивка, со кои Република Македонија се вброи во редот на земјите со најниски даноци.

Ваквиот пакет на даноци, како и поедноставувањето на процедурите времето и трошоците за основање и водење на деловна активност или на бизнис се очекуваше дека ќе даде своевиден придонес за зголемување на странските инвестиции во земјата и во крајна линија позитивен ефект врз унапредување на развојот.

Од производен аспект основен носител на растот беше индустриското производство со проектиран раст од околу 6% во услови на ценовна стабилност во економијата и планирана стапка на инфлација од 3% за 2007 година.

Позначајните инфлаторни притисоци беа планирани во енергетскиот сектор како резултат на очекуваното зголемување на цената на енергенсите од аспект на расходната структура на бруто домашниот производ растот се планираше да биде предводен од инвестициите со пораст од 11 до 15% на годишно ниво како и од приватната потрошувачка со пораст од околу 5%.

Задоволство ми е да укажам, почитувани пратеници, дека 2007 година беше најуспешна година на економски план за Република Македонија од осамостојувањето.

Исто така ја користам оваа прилика да кажам дека најголем дел од проекциите се оствари. Имено, за прв пат во Република Македонија пред се како резултат на преземените реформски активности се оствари раст на бруто домашниот производ од 5%.

Стапката на инфлација во 2007 година изнесуваше 2,3% и беше за 0,7% пониска од планираната.

Дозволете ми да истакнам дека и покрај планот за раст на бруто инвестициите од 11 до 15% како што истакнав претходно реформските активности преземени од страна на Владата придонесоа остварената стапка на раст на бруто инвестициите да изнесува дури 20%, стапки што Република Македонија одамна не ги забележала на бруто инвестиции, што секако придонесува за интензивираниот раст не само во 2007 година, туку и во 2008 година.

Странските директни инвестиции во 2007 година изнесуваат 240 милиони евра и беа речиси двојно повисоки од 2006 година ако го исклучиме еднократниот ефект од приватизацијата на Електростопанството на Македонија. Трендот на раст на странските директни инвестиции продолжува и во 2008 година.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, фискалната политика на крајот од годината 2007 година се оствари во рамки на реализирани вкупни расходи на Буџетот на Република Македонија во износ од 117.455 милини денари, кои беа финансирани со остварени приходи во износ од 119.608 милиони денари.

Остварувањето на приходите и расходите во наведените износи резултираше со низок суфицит на Буџетот на Република Македонија за 2007 година во износ од 2.153 милиони денари или 0,6% од бруто домашниот производ, што во основа значи остварување на врамнотежена и избалансирана буџетска потрошувачка.

Во истата година беше планиран благ дефицит во Буџетот и овој суфицит може да се смета и како придонес на фискалната политика во растечкиот тренд на глобално ниво за високи стапки на инфлација.

Вака остварениот суфицит во себе го вклучуваше суфицитот на централниот буџет кој изнесуваше

близу милијарда односно 1.096 милиони денари и суфицитот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во износ од 1.255 милиони денари, мошне позитивен сигнал суфицит во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во износ од 1.255 милиони денари во 2007 година, како и дефицитот на Фондот за магистрални и регионални патишта во износ од 948 милиони денари додека Фондот за здравствено осигурување и Агенцијата за вработување ја завршија годината со незначителен суфицит или дефицит, тие беа избалансирани.

Во рамките на централниот буџет изворните приходи, вклучувајќи го и основниот буџет и буџетите од сопствени активности, донации и заеми на буџетските корисници беа остварени во висина од 83.225 милиони денари односно за 1,7% повеќе во однос на ревидираните плански износи со ребалансот за 2007 година и 3,9% повеќе во однос на иницијално проектираните износи.

Зголемената реализација на вкупните приходи на крајот на годината е секако резултат на остварените позитивни трендови во заживувањето на економската активност како и позитивните ефекти од спроведените реформи во даночната сфера.

Даночните приходи на централниот буџет кој ги исклучува фондовите, вклучувајќи ги приходите на сопствените сметки на буџетските корисници се реализираа во износ од 69.079 милиони денари односно повеќе за 4,2% во однос на ревидираните износи, кое зголемување воглавно се должи на зголемената наплата на приходите по основ на персонален данок на доход кои беа за 6,8% повеќе од планот. Приходите по основ на данокот на додадена вредност за 3,5% повеќе од планот и приходите од данокот на добивка за 3% повеќе од планот.

Во рамките на другите приходи значително надминување или зголемување на проекциите на планираните износи остварени кај приходите по основ на царини за 9,6% во однос на планот и другите даночни приходи за 14,9% додека приходите по основ на акцизи се остварија во рамки на планираните. Повеќе за половина процент во однос на планираните износи.

Вкупните расходи на централниот буџет на крајот на 2007 година се остварија во висина од 82.129 милиони денари, што претставува పониска реализација за 2,6% во однос на планираните со ребалансот. Ваквото остварување е секако потврда за успешна реализација на планираните политики на Владата на Република Македонија во рамките на строго почитуваната буџетска дисциплина.

Во рамки на вкупните буџетски расходи, тековните расходи се остварија во износ од 69.805 милиони денари односно пониска реализација од 2,6% што во суштина обезбеди редовно покривање на сите законски обврски на државата и непречено остварување на функциите и активностите на буџетските корисници.

Во структурата на тековните расходи највисоко е учеството на тековните трансфери во износ од 44% и расходите за плати и надоместоци 33% додека 19% се однесуваат на расходите за стоки и услуги и 4% на каматните плаќања.

Во структурата на тековните расходи како што реков тековните трансфери учествуваат со 44%, платите и надоместоците 33%, 19% стоки и услуги и 4% каматни плаќања.

Категоријата што веројатно ќе ве интересира плати, наемнини, надоместоци во минатата година учествуваше со вкупно 23.026 милиони денари односно за 2,8% помалку од планираниот износ.

Ова, почитувани, сакам да го подвлечам затоа што расходите за плати, наемнини и други надоместоци изнесувале или биле пониски за 2,8% од планираните затоа што понекогаш може поинаку да се толкува сето она што е исплаќано на име плати, наемнини, надоместоци било планирано дури повеќе од реализираното во Буџетот.

Овие расходи во себе го вклучија ефектот од зголемување на платите на јавната администрација во последните три месеци од годината, ефектот од вработувањата согласно интеграциските процеси и по основ на правична застапеност на припадниците на етничките заедници при што минималното отстапување е пред се резултат на забавената динамика на вработување согласно НПА програмата, тоа е усогласување со Европската унија и нивно пренесување во 2008 година.

Понатаму, расходите за стоки и услуги се реализира во износ од 13,229 милиони денари што претставува пониска реализација во висина од 15,4% во однос на планираното што секако е резултат на економична потрошувачка и намалени непродуктивни трошења.

Тековните трансфери на централаниот буџет се остварија во износ од 30.878 милиони денари или за 3,3% повеќе во однос на планираните.

Во рамките на тековните трансфери во текот на годината се изврши редовна и навремена исплата на законските обврски на државата во областа на пензиското осигурување и социјалната заштита, а се реализираа преку трансферите до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во износ од 10.030 милиони денари.

Понатаму трансфери за невработените до Заводот за вработување во вкупен износ од 3.381 милион денари.

Трансфери за исплата на надоместоци по основ на права од социјална заштита во износ од 2.797 милиони денари и за исплата на детски додаток во износ од 507 милиони денари.

На крајот од годината се обезбедија дополнителни средства за реализација на активни мерки за вработување преку Агенцијата за вработување за поддршка на семејни бизниси како резултат на поголемиот интерес на невработените лица за овие програми.

Во рамките на тековните трансфери редовно се трансферираа средства за блок и наменска дотација за финансирање на надлежностите на локално ниво во вкупен износ од 2.858 милиони денари со цел финансирање на плати и надоместоци на вработените во локалните јавни установи во 42 општини во тоа време кои преминаа во втората фаза на фискална децентрализација како и материјални трошоци за финансирање на надлежностите во областа на образованието, социјалната и детската заштита, културата и во областа на територијалната противпожарна заштита.

Во областа на земјоделието на крајот од годината се реализираа субвенции во зголемен износ од 1,8 милијарди денари за откуп на пченица, тутун и органско производство.

Капиталните расходи во Буџетот 2007 година се реализираа на ниво од 12 милијарди 324 милиони денари што е потврда за подобрена реализација на овие расходи и навремено спроведени тендерски процедури, додека послаба реализација е остварена кај капиталните проекти кои одделни буџетски корисници ги реализираа од кредити и донации. Исто така, во текот на 2007 година купени се објекти за потребите на амбасадите на Република Македонија во Љубљана, Будимпешта, Генаралниот конзулат во Истамбул и постојаната мисија во Брисел. Извршена е реконструкција и адаптација за потребите на националниот информациски систем за визно работење и визен центар.

Реализација на приходите и расходите на социјалниот буџет во наведените износи резултираше со остварување на врамнотежен буџет, односно како што беше претходно кажано остварување на низок суфицит во висина од 0,3% од бруто домашниот производ. Во Централниот буџет вкупниот суфицит вклучително и фондовите изнесуваше 0,6% од бруто домашниот производ.

Притоа, вкупните приливи се реализираа во износ од 19 милијарди 864 милиони денари и тоа воглавно од домашни извори во износ од 17 милијарди 739 милиони денари и тоа по основ на концесија на третиот мобилен оператор, при што значајно е што е реализиран нето одлив на државни хартии од вредност, пред се како резултат на поголема отплата по основ на камата и главница во споредба со реализираното задолжување.

Во 2007 година реализирано е повлекување на странски кредити во износ од 9 милијарди 125 милиони денари и тоа од Светска банка по основ на писмал кредитот во износ од 1 милијарда 443 милиони денари, како и повлекување во износ од 682 милиони денари по основ на кредити од страна на буџетските корисници наменети за финансирање на проекти од областа на земјоделието, здравството, образованието, Катастарот и други развојни проекти.

За отплата на главнината по домашен и надворешен долг во текот на 2007 година се наменија вкупно 20 милијарди 960 милиони денари од кои 7 милијарди 268 милиони денари воглавно се наменија за предвремен откуп на обврските по основ на санација на банки, а остатокот од 13 милијарди 692 милиони денари за предвремена отплата на обврски по основ на кредитите од Светска банка и Европска банка за обнова и развој, како и билатералните кредити од Парискиот клуб на кредитори. Со цел реализација на предвремениот откуп на домашниот и странскиот долг и натамошно намалување на вкупниот долг на државата се изврши повлекување на депозит од Народна банка на Република Македонија во износ од 17 милијарди 535 милиони денари.

Почитувани, со предвремената отплата на долгот во 2007 година од страна на Владата на Република Македонија, Република Македонија се вброи во групата на ниско задолжени земји.

Составен дел на завршната сметка за 2007 година се и завршните сметки на општините, како и извештаите на Државниот завод за ревизија.

**Трајко Вељаноски:** Процедурално има господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Претседателе, би ве замолил во иднина кога бараме процедурални забелешки ова не е прв пат, ова ви е веќе трет пат да не ни дозволувате процедурално, иако согласно Деловникот имаме право на тоа. Вие сте претседател на Собранието, но тоа не ви дава неограничени права овде во салата, туку има Деловник според кој треба да се раководиме. Сметаме дека повторно ова исто така ви се случува трет пат да го толкувате Деловникот самоволно онака како што ви одговара во моментот и да не дозволите расправа по завршната сметка за Буџетот за 2007 година да трае според одредбите од Деловникот. Тоа што во Деловникот не е напишана и завршната сметка, а секаде во поглавијата, или во подпоглавијата стои дека Буџетот и завршната сметка се донесуваат на ист начин. Вие вршите на некој начин злоупотреба на толкувањето на Деловникот. Јас сега и да побарам да заседава Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, вие ќе ми одговорите дека нема потреба. Ценам дека кога се работи за вакви значајни документи како што се Буџет, завршна сметка и некои други проекти кои што доаѓаат во Собранието, вие треба да дозволите согласно Деловникот квалитетна расправа. Ретко имаме можност некој од Владата да дојде и тука да ги брани проектите. Министерот за финансии тоа го направи и сметам дека имаме многу работи да си кажеме. Деловникот ни го дозволува тоа. Ние не бараме од вас да го прекршите Деловникот, или да направите како што нас ни одговара. Бараме да ги почитувате одредбите од Деловникот каде што имаме право на подолга расправа по однос на завршната сметка. И во иднина ве замолувам, немојте свесно да не доведувате во состојба да бараме процедурални интервенции, а вие тие и да не ги уважувате, или да не ни давате да реагираме. Сепак, овде сите сме рамноправни,

вие сте прв меѓу еднаквите и треба да не почитувате како пратеници и треба да ни уважите соодветно на правата кои што ги имаме според Деловникот и Статутот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Инаку, јас дадов свое видување и свое размислување по однос на примената на Деловникот. Јас и сега сакам да ви укажам, значи по едно прашање вие имате процедурално да дадете свое видување. Со оглед на толкувањето, појаснувањето од страна на претседателот на Собранието, дали вас ви се допаѓа или не ви се допаѓа, тоа е ваше прашање. И не може сега на тоа појаснување вие да давате пак процедурално. За едно прашање следува една процедурална забелешка во која што би ги наброиле сите процедурални повреди на одредбите кои што сметате дека се направени. Без оглед на појаснувањето од моја страна што е дадено, дали сметате дека е исправно, или не е исправно, мислам дека не би требало да бидеме во таа ситуација во која што неограничено се објаснуваме преку процедурални забелешки. Сепак, на крај процедуралната забелешка дали е исправно, или не, си кажува Деловникот, појаснувањето од моја страна и во краен случај јавноста цени.

Претходно вие побаравте процедурално господин Марјанчо Николов, ја кажавте вашата процедурална забелешка и јас дадов појаснување по однос на примената на Деловникот. Изгледа не ви се допадна моето појаснување, вие барате пак процедурално со кое што преку процедурално не можете вие да ме убедите во нешто за кое што јас сметам дека така треба да се примени Деловникот.

Процедурално побара госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почиутван претседателе.

Мислам дека оваа расправа сега што се води од ваша страна можеби е и непотребна. Очигледна беше интенцијата за што се донесе овој Деловник. Но, сега не би сакала да го отворам ова прашање. Се надевам дека ќе останете доследен на себе и во согласност со она што е договорено на координација ќе ги разгледате забелешките кои што ќе ви бидат доставени од сите пратенички групи без разлика дали доаѓаат од парламентарното мнозинство, или од опозицијата. Никаде во светот нема некои одредби кои што ги има во овој Деловник. Но, за тоа ќе дебатираме подоцна кога ќе ги разгледуваме деловничките можности. Процедурата е во следното. Очигледно почитуван претседателе, дека одредени колеги пратеници се многу нетрпеливи и немаат трпение ниту 15 секунди берем од колегијален еснафски аспект да се сослушаме, ако не поради друго. Имено, сакам да кажам заради подобро функционирање на Собранието сметам дека изминатава недела докажавме дека добро функционира Собранието. Можеше да направиме една координација. Вие точно, дадовте објаснување, меѓутоа за жал, имаме пак еден Деловник кој што исто така не е доречен како што беше и претходниот на кој што впрочем сите имавме забелешки и во одредени одредби е контрадикторен. За да не губиме време и да бараме процедурални забелешки, исто така да не губиме време да бараме заседавање на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, процедурална можеби ќе беше најдобро да направевме пет минути консултации и заеднички да излезевме од оваа ситуација. Имено, врз основа на недореченоста на Деловникот, пратениците се подготвуваа по оваа точка да дебатираат 20 минути. И како што гледате дури и опозицијата нема некој список кој што е со интенција да одзема од времето, туку интенцијата беше само двајца до тројца пратеници да можат, впрочем и колку што има пријавено да ги искажат своите забелешки се со една единствена цел, да одиме според динамиката која што ја договараме и на координација. Заради тоа мислам дека ќе беше добро и упатно за пет минути да се договоревме и овие дискусии да траеа според критериумот кој што важи за Буџетот. Во таа насока е мојата забелешка, да излеземе од ќорсокакот во кој што сега сме доведени.

**Трајко Вељаноски:** Јас мислам дека во однос на примената на Деловникот и тие одредби, за мене е јасно и нема потреба од толкување, поготово од Комисијата за делновнички и мандатно имунитетни прашања.

Втора работа, јас ќе останам доследен и доследен сум на тоа, затоа што јас на самата координација која што ја одржавме со координаторите кажав, дека за една фактичка состојба процедурално се бара од страна на координаторот и заменикот координатор и се укажуваат сите процедурални забелешки што ги има. Не може со неограничено давање на процедурални забелешки и повикување на процедурално да се натера, условно да кажам, претседателот на Собранието и мнозинството да се толкува онака Деловникот како што смета тој што бара процедурално. Значи, за една фактичка состојба мислам дека следува една процедурална забелешка во која што би се изнеле сите повреди доколку сметаат дека се направени од страна на претседателот, или некој друг на Деловникот. Тоа е моето објаснување и тоа е мојата доследност, затоа што јас ова што го применувам, го кажав на координацијата.

Процедурална забелешка има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Значи, јас и вие по вокација би требало да сме легалисти и да ги почитуваме законите. Сега пред малку и неколку седници наназад кога побаравме деловничка реакција, процедурална, објаснувате дека координаторот, или заменикот координатор има право само еднаш според овој Деловник да

побара процедурално и тогаш да ги изнареди сите оние повреди кои што се однесувале.

Прва работа, кога се јавуваме за процедурално и не ни дадете збор, а еднаш сме го искористиле според вас тоа право, вие не знаете на која процедура, на која друга одредба би реагирале. Значи, не ни давате збор да се искажеме, дали реакцијата е по онаа претходно, или по забелешката по некоја одредба од Деловникот претходно, или некоја друга. Не можете да ни ги читате мислите.

Што се однесува до Деловникот, овој е нов, сите го толкуваме, ние не учествувавме во донесувањето. Не знам на што сте мислеле вие кога сте го донесувале Деловникот. Ама тој е донесен и јас морам да го почитувам се до оној момент додека не се измени, а мора да се измени. Сега следете го член 88, став 1. “На координаторот на пратеничка група, заменик на координатор и пратениците кои не се членови на пратеничка група кои сакаат да говорат за неправилна примена на Деловникот, претседателот им дава збор штом ќе го побараат”. Никаде во ниту една одредба не пишува дека само еднаш координаторот и заменикот имаат право да реагираат деловнички. Јас не сретнав никаде, објаснете ми, можеби лошо го читам, можеби неправилно го читам. Објаснете ми според кој член од Деловникот вие толкувате дека ние имаме како координатори и заменици имаме право само еднаш да побараме деловничка реакција. Верувајте, се пријавивме со колегата Марјанчо според Деловникот да бараме, бидејќи вие го појаснувате Деловникот по нашите реакции. Но, крајно толкување на одредена норма ако има спор дава делоничката Комисија. Ние ќе побаравме бидејќи ова е Деловник и ние не сме учествувале во донесувањето, не знаеме што сакал текстописецот да напише, или што сакал законодавецот да каже со ова, ќе баравме деловничката Комисија да заседава. Но, не ни дадовте повторно, толкувајќи го Деловникот дека ние само еднаш имаме право. Затоа барам да ми објасните, според која одредба од Деловникот вие мислите дека координаторите и замениците имаат само еднаш право деловнички да реагираат.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Значи, за ова прашање имаме и претходно на други седници расправано. Координаторот и заменикот координатор ќе побараат процедурално кога ќе има неправилна примена на одредбата од Деловникот. Јас не ви го оспорувам тоа право. Вие го барате и го добивате тоа право. Но, откако ќе добиете појаснување, вие повторно се јавувате и барате пак процедурално. Тука е спорот. Значи, не е спорот дека од моја страна не ви е удоволено барањето за процедурално. Затоа што откако ќе дадам појаснување, јас не правам никаква повреда на одредбите на Деловникот. Не е изменета ништо фактичката состојба. По таа фактичка состојба вие сте добиле да дадете процедурално, сте го кажале своето мислење. Јас давам појаснување потоа и не знам што е ново изменето за да може да побарате процедурално. Во тоа е спорот на различно толкување и гледање од моја страна и од ваша страна.

Продолжуваме со работа.

Има збор господиниот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Може да не ограничите како што не ограничивте неделовнички да не говориме повеќе од десет минути. Ќе се обидеме двајца, тројца колеги во тој временски рок да разговараме за завршната сметка. Но, тоа нема да ја намали катастрофалната ситуација во делот на економијата, а во тоа свое учество има и Буџетот. Да се разбереме, можеби Буџетот во високо развиените држави не учествува, или нема такво сериозно влијание. Македонија е на ниско ниво, ниско средно ниво на развиеност и во таа смисла државата преку својот најбитен инструмент, а тоа е Буџетот и те како влијае на состојбите во економијата. Сакам да ја потсетам јавноста дека СДСМ гласаше против овој Буџет кога тој се усвојуваше на крајот на 2006 година од неколку причини, а сега ги гледаме и негативните резултати. Тоа не не прави многу задоволни и среќни дека сме биле во право, бидејќи на крајот на краиштата негативните последици паѓаат буквално на сите граѓани. Но, тоа ја покажува апсолутно лошата економска политика која што ја води оваа таканаречена технократска економска Влада во која што од толку економисти не се знае кој дефакто е главниот креатор на економската програма. Мислам дека тоа најмалку е министерот за финансии, иако тоа не го амнестира. Овој Буџет беше значително зголемен во однос на 2006 година и ја достигна речиси границата од 2 милијарди евра, за да веќе во 2008 година тој ја надмина таа граница и дојде до бројката од 2 милијарди и 200 милиони евра, па со ребаланси континуирано Владата го зголемува неоправдано Буџетот на Република Македонија.

Значи, висината беше неприфатлива и непотребна за овој степен на македонската економија. Но, она кое што е најтрагично е неговата структура. Јас чув една теза за која што се воздржав да не се насмеам кога ја спомена министерот, дека 2007 година била најуспешната година во делот на економијата од осамостојувањето на Република Македонија. Не знам по кој параметар министре тоа го тврдите? Ако ми кажете заради зголемување на ЦДП од 5%, ќе ви кажам, да, ама викнете ја Благица Новковска да ми каже како заедно со вас ја смени структурата за ЦДП, па да разговараме како дојдовте до 5%, што е многу малку. И да ве потсетам дека веќе сте 6 до 8. Значи, ве молам, паметат луѓето во ова Собрание, уште повеќе памети јавноста и воздржете се од небулозни констатации.

Втората работа, за која што не можам по втор пат да се изначудам како можете така да констатирате, а ви е утврдена со Извештај на Државниот завод за ревизија. Велите дека нивото на капитални расходи било 200 милиони евра.

Државниот завод за ревизија ви го анализирал Буџетот и во ова што ни го доставивте на нас пратениците вели, дека нивото е одприлика на 150, 160 милиони евра. Еве го податокот, на страна 26 од Извештајот на Државниот завод за ревизија. Ве молам погледнете ги бројките, вие сте ни ги доставиле. Јас знам дека имате потреба со нешто да се пофалите, ама немојте да ги преправате бројките. Заводот за ревизија констатирал сосема спротивно.

Која е структурата на овој Буџет која што веќе не на среден и на долг, на краток рок е неодржлива. Погледнете ги бројките. Господине министре, од целиот Буџет во делот на расходите и централниот и на фондовите за плати одат околу 350 милиони евра. Замислете, повеќе од тоа 400 и кусур милиони евра одат за стоки и услуги.

Ајде да одиме понатаму. За договорни услуги господине министер се платени 300 милиони евра. Па кажете ми која е таа држава, 10 пати ви го поставувам ова прашање, во која за договорни услуги се платени повеќе пари на граѓаните отколку што се тоа за плати и придонеси. Значи во овој момент вие на грбот на граѓаните одржувате партиска армија која чини 300 милиони евра, партиска армија која чини повеќе отколку сите останати вработени до сега. Па тоа е надвор од здравиот памет и разум.

Одиме понатаму. Сте потрошиле за други тековни расходи 20 и кусур милиони евра. Каде одат овие пари до ден денес немаме одговор, не знаеме за што се трошат.

Одиме понатаму, субвенциите и трансферите се во износ од 110 милиони евра. Разни трансфери, единствената ставка која е надфрлена во износ од 110 милиони евра. Каде отишле овие пари исто така никој не знае.

Одиме понатаму господине министре, во делот на капиталните расходи. Замислете, капиталните расходи се остварени во ниво од само 150 милиони евра. Морам да ви признам една работа, екстремно сте ефикасни кога плаќате партиски војници, договори на дела, реклами, кампањи, цепелини, шетање по странство. 300 милиони евра те потрошиле за договорни услуги. Кога на тоа ќе ги додадам и останатите ставки, купување мебел, опрема, возила итн., еве, можеме да спориме за тоа господине министре, вие рековте дека вашата влада апсолутно нема да троши пари на купување мебел и опрема, но тука гледам дека се потрошени 60 милиони евра за купување опрема, мебел, возила и машини. Ве молам, објаснете ми за што сте потрошиле 60 милиони евра, а рековте во Програмата, сакате де скратената оваа портокаловава, де надградената, се едно, одлучете се за едно од нив, дека нема да потрошите ниту еден денар пари за мебел. 60 милиони евра сте потрошиле пари за мебел. И замислете, Македонија која што има потреба од сериозен развој бидејќи е во многу тешка ситуација потрошила 300 милиони евра за договори за вработувања, па имаме ситуација во Вратница, да имаме вработено во кампањата 5 скретничари на воз кој поминува еднаш во три месеци и тоа е вашиот концепт на развој. Пет скретничари седат на пругата, ништо не работат бидејќи возот не поминува. Вакви апсурдни ситуации има многу. Имаме ситуации да се вработени луѓе кои примаат плата и придонеси, а не одат на работа бидејќи нема столче и оваа Влада е многу дарежлива спрема своите членови, симпатизери и оние кои треба да ги врбува заради гласот, бидејќи потрошила 300 милиони евра за тоа, ама кога ќе дојде да се трошат пари за инвестиции, тогаш сте потрошиле само 150 милиони евра, најмногу од нив - еве доаѓам до структурата на потрошените капитални инвестиции, 60 милиони евра или повеќе од една третина се дадени за опрема, возила и мебел. Тоа се вашите инвестиции, мебел - коли, коли, автомобили.

Македонија со ваква економска политика ќе има сериозен проблем и понатаму. Замислете од целата структура на даночните приходи повеќе од една третина или 750 милиони евра отпаѓаат на ДДВ. Граѓаните ја субвенционираат и полнат буџетската каса преку ДДВ, затоа што сите цени се зголемени, затоа што ДДВ не го намаливте на нафтата и нафтените деривати, затоа што не го намаливте ДДВ за топлинската енергија па сега се зголеми драстично, затоа што ви одговара да се полнат даночните приходи и еве ја разликата од планираното до оствареното, вие имате гратис 20 милиони евра. Не сте мрднале со мал прстс, а во Управата за јавни приходи се слеале непланирани повеќе 20 милиони евра само по основ на ДДВ и тие пари вие многу комотно, за жал, ќе си ги потрошите. Не може држава да има сериозен развој во која една третина оди директно од ДДВ, а данокот на доход, данокот на добивка и капиталните добивки се сведуваат само на 250 милиони евра. Тоа покажува дека нашите фирми не го зголемиле производствоти, нема нови вработени, нема нови инвестиции, а тоа се гледа од тоа што тие немаат пари да го платат данокот на добивка или тој останува на исто ниво.

Странските инвестиции во 2007 година, господине министре се мизерни во однос на регионот. Албанија има речиси милијарда евра странски инвестиции, Македонија имаше 210 милиони евра, 2007 година, за да спорам со вас со факти е послаба година во делот на странски инвестиции не од 2006 кога се продаде дел од ЕСМ, туку и од 2005 година кога немаше такви крупни капитални трансакции. Значи во делот на странските инвестиции кои треба да бидат генераторот на нашиот развој, 2007 година беше ужасно слаба година и за тоа има свои оправдувања, најмногу политички заради влошената ситуација во државата, нарушениот имиџ во странство и заради лошата структура.

Уште 10 секунди, на Македонија на среден рок и се заканува сериозна опасност од оваа политика на Владата, бидејќи инфлацијата за која министерот вчера многу задоволно рече дека се намалува ќе продолжи да расте. Ние имаме ситуација Народната банка да ја дестимулира

инфлацијата со рестриктивни мерки, а Владата тоа да го прави спротивно, да ја стимулира и гори инфлацијата, фрлајќи уште пари повеќе во јавната лична потрошувачка. Но, очигледно со министерот кој останува имун на ваквите факти не можеме да спориме, бидејќи нема ништо да одговори. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, почитуан министер, почитувани присутни,

Пред нас ја имаме завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2007 година. Ова е прва година откога ВМРО ДПМНЕ и неговата коалиција ја презема власта и целата година ја практикуваа истата и ова е тн., прва година на преродбата на Република Македонија, која тие им ја ветија на граѓаните на изборите од 2006 година.

Завршната сметка на буџетот за 2007 година фактички претставува еден рекапитулар на сите политики што ги водела Владата преку бројки, преку констатации изнесени од министерот, едноставно добивате слика како Република Македонија и граѓаните живееле во 2007 година.

Исто така, како што кажа мојот колега Игор Ивановски, бидејќи Република Македонија е мала и сиромашна држава, во голем дел преку Буџетот се креираат и економските текови и другите текови од општествениот живот во Република Македонија. Имаме еден документ за кој можеме реално да констатираме каква била 2007 година во Република Македонија.

Од она што беше на почетокот на 2007 година, а беа предвидувања на Владата преку Министерството за финансии буквално со завршната сметка на Буџетот за 2007 година, можеме да констатираме дека ништо не е остварено. Сега ние немаме доволно време да навлеземе во сите позиции, но основните предвидувања кои ги даде министерот кога го донесувавме Буџетот во делот на растот на бруто домашниот производ во делот на растот на странските инвестиции, во делот на намалување на невработеноста, во делот на намалување на инфлацијата, дури ако сакате и во делот на планирањето на буџетските ставки, се покажува дека во 2007 година не се остварени. Имаме помал пораст на бруто домашниот производ од предвидениот, имаме повисока инфлација од предвидената, имаме невработеност која е највисока во Еворпа, можеби пошироко, од 35% и имаме историски трговски дефицит кој во 2008 година се надминува.

Ваквите показатели јасно покажуваат дека и покрај тогашните ветувања на Владата дека 2007 година ќе им донесе преродба на граѓаните во нивниот живот и подобрување на животниот стандард, сите можат да заклучат дека беше една од најтешките години во Република Македонија.

Би сакал само за неколку работи да дебатирам со министерот, а тоа е околу растот на бруто домашниот производ. Тој вели дека се остварил историски раст од 5,1 процентен поен. Но, дури и да прифатиме дека е така, ако ја погледнеме структурата на растот на бруто домашниот производ, ќе видиме дека половина и повеќе, околу 51% е остварено во делот на услужниот сектор или 15% во трговијата на големо и мало, 20% се остварени со растот на индустриското производство и другите делови се градежништво и други дејности.

Што можеме да заклучиме од ова господине министре?

Можеме да заклучиме, дека со тоа што најмногу растат услужните дејности, посебно трговијата на големо и мало, јасно се отсликува состојбата со живеачката на граѓаните во Република Македонија. Ако земете дека потрошувачките кредити во Република Македонија пораснаа за над 40% и дека граѓаните фактички живеат на кредит и тоа се повеќе го практикуваат, вие имате состојба во која растот на бруто домашниот производ ви го одразува тоа и вие не можете да кажете дека растот на бруто домашниот производ е на стабилни основи. Дури и да ја погледнеме структурата на трговијата на големо и мало и потрошувачката на производи, имавме во весниците пред некој ден, 70% одат за храна и сега вие ќе не убедувате тука дека во 2007 година се остсварило значително подобрување на животниот стандард на граѓаните на Република Македонија. Сметам дека дури и ваквиот раст на бруто домашниот производ не дава основи да се надеваме дека навистина во Република Македонија започнале процеси на развој на економијата. Се се темели на потрошувачки кредити, на активностите на банките. 80% ви е на тоа и сега кога видовте, од една страна, дека тоа не носи развој, а се зголемува потрошувачката и влијае на инфлацијата, повторно не на Буџетот, туку на банките им наредивте да ги ограничуваат кредитите преку Народна банка, вашата потрошувачка преку Буџетот, расходната страна, јавната потрошувачка расте. Колегата Ивановски зборуваше за платите за стоки и услуги, а да не зборувам за ставките овде што ви се за разни трансфери и договорни услуги.

Во делот на странските инвестиици во 2007 година ја почнавте познатата кампања “Инвестирајте во Република Македонија” и притоа сеуште не се знае колку пари се потрошија оваа година, а странски инвестиции добивме најмалку во регионот. Албанија и Босна и Херцеговина кои беа зад нас далеку, иако немаа вакви кампањи, остварија повисоко ниво на странски директни инвестиции, а вашата кампања не даде никакви резултати. Ако можеме да заклучиме по 2007, еве и 2008 година, сепак се уште тоа ниво е ниско на странски директни инвестиции според она што го имаат земјите во околината. Според мене не можете да правите споредба со нивоата на Република Македонија во 2006, 2005 година или некоја година наназад, бидејќи се ниски и целта

на вашата кампања беше да ги зголемите или престигнете земјите во регионот кои претходно беа за нас, сега се пред нас. Дури при една таква ваша констатација дека 230 милиони евра странски инвестиции дошле, видете ја структурата, 35 милиони евра се инвестиции во капитал, не објаснувате од каде, 90 милиони евра се по основ на реинвестирана добивка и околу 110 милиони се други инвестиции во капитал. Каде се гринфилд инвестициите, каде се инвестициите на отворен простор некој да земе да изгради фабрика. Немате ниту еден таков проект. Имате во најава, постојано ги повторувате а никако да се реализираат и сега велите дека е успешна и оваа кампања и оваа политика на Владата за привлекување на странски инвестиции.

Во делот на земјоделството 2007 година е класичен пример како вашата политика во однос на земјоделството ќе се покаже неуспешно долгорочна. 2007 година беше тешка година за македонските земјоделци поради неповолните економски услови, сушата, невремињата што фатија и ниските приноси. Вие тогаш излеговте како Влада со една кампања дека многу пари давате во земјоделството и субвенционирате, земјоделците беа задоволни, во државата се создаде атмосфера види Владата што прави и беше супер 2007 година во однос на субвенциите, иако земјоделското производство е пониско за 11% или за околу 3% помалку учествува во создавањето на бруто домашниот производ. Сега кога дојде 2008 година, кога има малку вишок на земјоделски производи, вашата кампања за земјоделците не функционира, имате незадоволни млеко производители, лозари, имате незадоволни производители на градинарски производи, ќе дојде сега и тутунот и ќе биде уште поголемо незадоволството. Претходно не велевте ние не се мешаме во пазарните законитости, сега ви е лесно тоа пазарот ќе си каже. Нели имате стратегија како во Македонија земјоделството да го направите водечка гранка, оти сега тие мерки не функционираат? И двата денари се малку.

И на крајот, бидејќи нема време, се обидов накратко во однос на три сегменти да се осврнам, ќе кажам само заклучно дека 2007 година е една од најтешките години во Република Македонија, ниту се подобри животниот стандард ниту се оствари раст на економијата во Република Македонија.

Затоа ќе гласаме против оваа завршна сметка на Буџетот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Една мала исправка. И во излагањето кажав, а тоа го покажуваат статистичките показатели, направи една грешка господинот Николов во неговата дискусија. Имено, ставката на инфлацијата во 2007 година во Република Македонија, годината која ја третираме во рамките на оваа дискусија, изнесуваше 2,3% и таа беше пониска за 0,7% од планираната. Значи планираната беше 0,7%, а остварената 2,3% и тоа значи дека реализираната стапка на инфлација не беше повисока како што спомна господинот Марјанчо Николов.

Второто нешто што сакам да го истакнам е исто така една грешка или пропуст. Беше спомнато дека наводно Владата и наредува на Народна банка да го ограничи кредитниот раст или така нешто. Владата ниту може ниту сака тоа да го прави затоа што Народната банка е независна институција. Господине Марјанчо Николов јас би ве охрабрил да побарате конечно гувернерот на Народната банка на Република Македонија да се појави во Парламентот, било пред собраниска комисија, било на пленарна седница, затоа што на тоа имате право. Не ми е познат мене случај гувернер на Централна банка во некоја суверена земја да не се појавил пред Парламентот во период подолг од две години. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Министерот не се одважи да коментира во однос на констатациите, очигледно ловел грешки во текот на дискусијата. Мојата намера во дискусијата господине министре беше дека вие како Влада не преземавте мерки за борба против инфлацијата. Сето тоа го направи Народната банка во рамките на монетарната политика. Иако имавте укажувања од ММФ и други релевантни меѓународни институции дека премногу пари трошите, имате многу голем трговски дефицит и дека сето тоа ја подгрева инфлацијата на некој начин, вие велите дека не е точно и затоа велам дека вие не преземавте адекватни мерки како Влада да се борите против инфлацијата.Тоа го направи само Народната банка и сега вие нема да и го признаете тоа на Народната банка, туку ќе барате начин ние да го прозиваме гувернерот или да не се согласувате со неговата работа, а вие вашата работа не ја оправдавте пред граѓаните.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам пртседателе,

Најпрво со една забелешка иако е на мое лично незадоволство. Од денес Република Македонија има нов преседан. Веројатно сме единствена земја во светот благодарение на фактот што со Собранието претседава господинот Трајко Вељановски, каде што се толкува дека станува збор за две различни нешта. Донесувањето на Буџет на Република Македонија е сосема различно нешто од завршната сметка на истиот тој Буџет на Република Македонија. Но, како што тргнале ќе станеме рекорд по преседани но на штета на вкупната демократска атмосфера во државата. Јас се надевам дека господинот министер Славески ќе може да даде одговор, иако до сега барем во овие претходни 24 месеци

никогаш не сме добиле конкретни одговори во врска со писмото што на 18 јуни го испрати Државниот завод за ревизија под реден број 1003-137/5 до Министерството за финансии на Република Македонија за извршена конечна контрола, ревизија на Буџетот на Република Македонија.

Во точката 4 стои дека финансискиот извештај е одговорност на раководството на субјектот од точка 1 застапувано од д-р Трајко Славески министер за финансии. И, редно е да ги споделиме и со граѓаните од Република Македонија наодите на овластениот државен ревизор во поглед на законската обврска да издаде мислење во врска со Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Во точка 7 определиле дека основна цел на ваквиот извештај согласно Законот е да даде одговор дали финансискиот извештај вистинито и објективно ја искажува финансиската положба и резултатот и дали што е поважно, е остварено законско и наменско користење на средствата во Буџетот на Република Македонија.

Точка 11 вели вака: “Во текот на 2007 година исплатени се средства во износ од над една милијарда денари”, за полесно да се разбираме околу 18 милиони евра од разни расходни ставки, резерви, недефинирани расходи како финансиска помош на јавни претпријатија, од кои најголем дел му припаднале на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија, Македонска радио дифузија, Јавното сообраќајно претпријатие, но забелешката и наодот од овластениот државен ревизор гласи дека одговорното лице господинот Трајко Славески го прекршил Законот за државна помош, бидејки согласно одредбите од Законот за државна помош исплата на средства од Буџетот кон јавни претпријатија има третман на државна помош. И, за да некој се осмели да троши вакви средства, мора да добие одлука од Комисијата за заштита на конкуренцијата, тука е и почитуваниот директор за компатибилноста на државната помош, истите одлуки треба да бидат обврзувачки и објавени во Службен весник. Ревизорот нашол дека тоа не е така сторено и дека констатирал, цитирам: “наведените исплати на државната помош не се донесени со одлука на Комисијата, со што корисниците на државната помош, тоа се сите овие јавни претпријатија, се доведени во привелигирана состојба во однос на конкурентите при состојба на намалена транспарентност на користење на средствата од Буџетот”. Понатаму истиот овластен државен ревизор вели “финансиската подршка на Македонската радио телевизија извршена од стафката резерви со над 74,5 милиони денари” и ревизорот смета дека лошата финансиска ситуација на Јавното претпријатие не му дозволува на министерот Славески да користи средства од резервите на Буџетот кои имаат сосема друга намена во согласност со Законот за буџетите. Тоа е втор пат кога во 2007 година со наод на овластениот државен ревизор, господинот Трајко Славески незаконски трошел средства од Буџетот. Понатаму, се вели “со увид на билансот на приходи и расходи ревизорот констатирал дека ставката тековни резерви која има своја сопствена намена, согласно како што кажа Законот за буџети, исплатени се средства на разни физички лица, здруженија на граѓани и верски заедници од 101 милион денари со одлуки на Владата на Република Македонија”. Ревизорот вели “средствата од тековни резерви во Буџетот имаат друга намена и се наменети за покривање на расходи во случај на елементарни непогоди и други неприродни случаи”, а не како што тоа го правел министерот за финансии “за субвенционирање по сопствени наоди на Владата, на претпријатија”, како што на страна 23 пишува “резерви и недефинирани расходи од тековни резерви”. Цитирам: “при предлог на министерот за финансии, а по одлука на Владата исплатени се меѓу другото и средства, освен за Македонска радио телевизија и за 50-ет годишнината на Македонската православна црква, за адаптација на Здравствениот дом “Железничар”, за исплата на средства за одржување на меѓународен форум за лидерство, се само не наменски, како што предвидува Законот за извршување на буџетите”. Понатаму се вели дека не се применети критериумите и постапката за распределбата на фианнсиските средства наведени во одлуката за дефинирање на критериумите и уште еднаш министерот се огрешил овој пат од Законот за извршување на буџети.

Интересен е наодот на ревизорот каде што е најдено дека не се испочитувани одредбите од Законот за финансирање на политички партии, бидјеки средства од 33 милиони денари се упатени кон политичките партии без да се спроведува членот 20 од Законот за финансирање на политички партии и според кој во случаите кога политичките партии се финансирани од јавни претпријатија го губат правото на користење на буџетските средства. Ова го потпишал овластен државен ревизор. Тој нашол дека господинот министер многу често незаконски, спротивно на законските одредби користел средства од Буџетот на Република Македонија во 2007 година.

Моето прашање е, ќе одговарате ли господине министер за финансии, бидејќи иако сте министер никој не ви дава право да бидете над законите што во Република Македонија ги носи токму ова Собрание. За волја на вистината многу добро се сеќавам дека вие за прв пат го скандализиравте Буџетот за 2007 година кога во Законот за извршување на буџетите во прочуениот член 12 предвидовте користење на буџетски средства на оние патриотските министри, кои нели од патриотски причини ги оставија своите имоти во странство, вие господине Славески од средства на овој Буџет им го плаќавте одржувањето на имотите. Иако, таа одлука ја оспори Уставниот суд, барам да одговорите колку средства беа потрошени согласно членот 12 кој падна пред

Уставниот суд и дали министрите ги вратија тие средства во Буџетот.

И, конечно, што стана со скандалозното пренаменување на средства во висина од 47 милиони евра на 18 декември 2007 година кога наместо трет ребаланс на Буџетот, вие спротивно на одредбите од Законот за извршување на буџети, во непознат правец испумпавте 47 милиони евра за кои долго дебатиравме. 10 милиони евра беа упатени кон Министерството за внатрешни рабои и во ниту една ставка од ова Министерство не најдов 610 милиони денари како се потрошени. Тоа е на вас господине Славески, одговорното лице за фианнсискиот Извештај што бил предмет на истражување на државниот ревизор. Претпоставувам дека ќе ги одмолчите фактите, тие никогаш не биле на ваша страна, но се надевам дека во Република Македонија сеуште постојат политички независни од ВМРО-ДПМНЕ државни институции кои согласно овие наоди на државниот ревизор ќе ги спроведат законите господинот министер да одговара заради ненаменското незаконско користење на средствата од Буџетот на Република Македонија.

Ви предлагам почитувани колеги, за прв пат во Република Македонија да покажеме дека имаме политичка волја и капацитет да вршиме контрола врз работата на Владата на Република Македонија и за прв пат во поновата историја на Македонија да не ја усвоиме Предлог завршната сметка на Буџетот на Република Македонија. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам пратеничке.

За реплика е јавен министерот за финансии.

Збор има министерот.

**Трајко Славески:** Благодарам господине потпретседател,

И оваа дискусија секако ја разбирам, како и цитираниот Извештај на Државниот завод за ревизија како еден од механизмите за контрола на извршната власт, посебно на едно од најсензитивните полиња, а тоа е располагањето со средствата на граѓаните. Сепак, госпоѓата Бендевсак би било добро кога го цитира Државниот завод за ревизија да ги цитира и одговорите кои што Министерството за финансии, ги дава на одделни забелешки на Државниот завод за ревизија.

Јас овде сакам да спомнам дека сепак не би се очекувало да има до крај прецизно читање на било да е одредбите или ставките од Буџетот или нечии забелешки кога има низа суптилности. На пример, разлика меѓу тековна и постојана резерва. Постојаната резерва во Буџетот е за елементарните непогоди и т.н., тековната е токму за некои непредвидени расходи. Во секој случај сите средства се трошени со одлука на Влада на Република Македонија, секогаш формално со предлог на министерот за финансии.

Кога станува збор за најголемиот дел од средствата што ги спомнавте за државна помош за Македоснка радио телевизија, Македоснка радиодифузија, постои целосна законска оправданост, затоа што тие средства се алоцирани во јавниот сервис, во областа на функцијата јавен сервис македонска радио телевизија нема конкурент на македонскиот радиодифузен простор, што значи тука да не мешаме работи кога спомнуваме државна помош. Значи, во областа на фукционирањето како јавен сервис, средствата се доделени во оној момент кога се увидело дека од наплата на таксата не може да се обезбедат доволно средства за функционирање и за Македонска радио телевизија и за Македонска радиодифузија.

Госпоѓо Бендевска, еве јас како член на Владата ме повикавте на одговорност и ја преземам одговорноста за моето учество во донесувањето на одлуки за помош на Македонската православна црква за одбележување на нејзината 50-ет годишнина. Исто така, ја преземам одговорноста за носењето на одлука за помош на бројни цркви, манастири, џамии и други верски објекти во Република Македонија што беа минимално потпомогнати од Владата на Република Македонија да се санираат некаде покриви, некаде ѕидови што паѓаат. Тоа го направи Владата на Република Македонија, затоа што сметаше дека е потребно и за тоа нека судат граѓаните кои што ги дадоа тие пари и нека судат сите институции, а ние сме тука да одговараме за своите постапки.

**Рафис Алити:** За контра реплика е пријавена пратеничката Весна Бендевска во рок од една минута.

**Весна Бендевска:** Господине потпретседател, ова е реплика кон министерот, бидејки министерот не реплицираше, туку се јави за збор. Имам право на реплика на говорот на министерот.

**Рафис Алити**: Пратеничке, не сте во право, бидејки технологијата не овозможува министерот да се јавува за реплика или за збор тоа во мониторот да се гледа дали е пријавен за збор или за реплика, така што министерот побара реплика, а вие имате право на контра реплика од една минута. Повелете.

**Весна Бендевска:** Ви благодарам.

Значи, имам само 60 секунди да одговорам на она што господинот министер три минути го забележа.

Ниту една одлука на Влада, ниту пак лична одлука на министер не може да е повисока од одредби на закон важечки во Република Македонија, господине Славески и се надевам дека тука се согласуваме.

Што се однесува за помошта на пример кон Македонската радио телевизија, постои Закон согласно кој се финансира преку радиодифузната такса. Несобирањето на таа такса е договорност на раководниот тим на Јавното претпријатие.

Што се однесува до вашата одговорност околу финансирање на Македоснакта православна црква ќе ве прашам, зошто тоа го правите од ставка тековни расходи. Зошто не го направите од прочуената ставка 464 од кои ги плаќавте

прескапите спотови за кои вие се јавувавте и како режисер, а го правевте тоа од средства кои Буџетот ги замислил за сосема други и многу посериозни наменеи. Благодарам.

**Рафис Алити:** Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општиот претрес на Предлогот на завршната сметка е завршен.

Отворма претрес по текстот на Предлог на завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по текстот на Предлог на завршната сметка, да се пријават за збор за една минута.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлог на завршната сметка е завршен.

Предлогот на завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2007 година го ставам на гласање, односно ги повикувам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Воо салата се присутни 91 пратеник.

Вкупно гласале 74 пратеници, од нив за гласале 61 пратеник, воздржан нема ни еден, против 13 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

**Минуваме на точка 30 - Извештај за работата на Судскиот совет на Република Македонија за 2007 година.**

Извештајот, Мислењето на Владата и Извештајот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците ви се доставени однсоно поделени.

Отворам претрес.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да учествуваат во претресот да се пријават за збор.

За збор се пријавени пратениците Аднан Јашари, Сафет Незири, Емилијан Станковиќ, Ермира Мемети, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Павле Трајанов, Благородна Дулиќ, Славица Грковска Лошкова, Јани Макрадули.

Ги повикувам службите да достават листа од пријавените пратеници кои сакаат да земат збор.

За збор е пријавен господинот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине потпретседател за дадениот збор.

Во смисла на просторот кој што се предвидува со новиот Деловник ќе се обидам во кратки црти да ги дадм моите забелешки или пак сугестии во однос на предложениот извештај од страна на предлагачот. Нормално во оваа смисла настојувањето или пак целта е добра за што и земавте збор. Уште на почетокот ќе истакнам дека така како што предвидува Законот за судскиот совет на Република Македонија како обврска на овој орган кој што едновремено се третира како носител на Судската власт да изготвува извештај и истиот да го достави до Собранието на Република Македонија за усвојување. Во согласност со оваа обврска има посеапено и Судскиот совет на Република Македонија, има изготвено извештај за кој што и расправаме.

Сепак уште на почетокот ќе истакнам дека доколку внимателно се анализира извештајот ќе се забележат неколку недостатоци од формален меѓутоа и суштински карактер. Недостатоци кои што ценам дека произлегуваат или пак извираат од Законот кој што го обврзува овој Судски совет на Република Македонија.

Анализирајќи го именувањето на овој извештај во согласност со суштината, јас лично дојдов до констатација дека така како што обврзува членот 64 од Законот за Судски совет на Република Македонија на овој извештај му фалат неколку елементи кои што во продолжение ќе ги истаканам.

Прво, ценам дека извештајот не е целосен, односно не е изготвен согласно со овој член кој што го истакнав претходно за што и самиот предлагач или пак изготвувач на овој извештај на страницата 17 ќе ја аргументира оваа моја теза, каде што меѓу другото се истакнува дека извештајот за еден дел во 2007 година не содржи точни податоци иако не ги истакнува причините зошто овој извештај не ги опфаќа овие податоци.

Второ , доколку исто така се анализира претходниот член 64 на Законот за Судскиот совет на Република Македонија кој што член бара во извештајот да се опфатат и податоци за проценка од работата на судиите во Република Македонија, значи не на судовите туку на судиите нешто што од извештајот може да се увиди дека податоци во однос на нивната работа, работата на судиите не содржи иако, нема ни податоци зошто овие податоци не се опфатени во овој извештај. Вистината е дека извештајот опфаќа определени податоци во однос на работата на неколку судови меѓутоа не на сите судови. Овде посебно ќе истакнам дека во извештајот не гледам податоци во однос на работата на Апелациониот суд во Гостивар иако сме известени дека овој суд е основан или конституиран многу подицна отколку другите судови и сепак мислам дека извештајот требало да опфати определени податоци во однос на работата на овој суд. Опфаќа податоци како истакнав за неколку основни судови и интересно е тоа дека за некои судови извештајот истакнува дека во нивната работа во 2007 година овие судови биле ажурни што значи работеле со потребната ефикасност додека пак за некои судови не се предвидува дека биле односно не биле судови кои што дејствувале така како што би требало.

Понатаму извештајот опфаќа податоци во однос на финансиите, нешто за што јас немам забелешка затоа што се гледа дека од средствата кои што се распределени на сите позиции игледа

се средствата потрошени во согласност со тоа што е предвидено претходно во планот за приходи и расходи. Меѓутоа сепак интересен е еден друг фактор кој што ќе го истакнам тука, а тоа е дека од бројот на предметите или пак барањата кои што се доставени за расправа по сите судови како во тие основните или во апелационите тој број бил доста голем сепак бројот на незавршените предмети што мора да се истакне е голем. Ова го истакнувам од причина, од еден друг факт, од фактот што сите судии без исклучок во основните или пак апелационите гледам дека има многу слободни работни места, места кои што не се пополнети и мислам дека доколку значителен дел од овие работни места беше исполнет со судии можеби и бројот на нерешените предмети немаше да биде толкав колку што е сега, односно колку што е преставен во самиот извештај.

Кога сме кај кадрите, поради времето ќе скратам малку, не знам зошто предлгачот во овој контекст, затоа што над се има уставна и законска обврска, не знам зошто не истакнува која е правичната и соодветна застапеност на етничките заедници, на сите етнички заедници без исклучок во оваа власт затоа што ќе повторам уште еднаш во овој извештај предлагачот говори само за кадровската состојба во целост во судската власт без да се задржи на овие прашања иако ќе кажам уште еднаш ова е уставна обврска.

Јас имам уште неколку забелешки во однос на, затоа што искрено ќе кажам не сум очекувал сепак оваа власт да се развива на овој начин посебно по донесувањето на Законот за Судскиот совет на Република Македонија и Законот за судовите со кои што закони кога се усвоија, настојувањето беше двојно. Како прво намерата беше да се зголему ефикасноста на оваа судска власт и втората намера беше оваа власт дефинитивно да се деполитизира, односно политичките влијанија да бидат сведени на минимум во оваа трета власт. Евидентно е дека судската власт,третата власт како многу значајна власт на успеа да ги исполни овие два услови и понатаму според моето мислење власта е под влијание, не би сакал да кажам директно влијание на политиката меѓутоа сепак е под влијание на политиката.

Второ ценам дека оваа власт не е ефикасна колку што требало и треба да биде.

Во оваа насока според моето убедување директен или непосреден виновник е Републичкиот судски совет на Република Македонија. Благодарам.

**Рафис Алити:** За збор е пријавен господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодрам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници

Анализирајќи го и разгледувајќи го и годишниот извештај за 2007 година на Судскиот совет на Република Македонија кој има обрска и должност да поднесе годишен извештај за секоја тековна година, во конкретниот случај годишниот извештај во однос на 2007 година. Бидејќи се работи во однос на ова прашање во суштина обврската на овој судски совет што е една државна сила во Република Македонија како трета власт, една од трите власти и кои насојува да даде извештај во насока на тоа како течеа назначувањата, разрешувањата на судиите, на функционерите, на разни функционери, извештај од финансиски аспект итн. Ние секогаш и како приоритено прашање на Европската унија и на разни меѓународни институции, значи Република Македонија за да пристапи во меѓународни институции кој е клучен приоритет на Република Македонија е во иднина да бидеме во големото европско семејство, да даде господ бргу да бидеме и во НАТО структурите, но пред се ние треба да исполниме неколку услови и критериуми со кои услови ќе ги исполниме барањата на овие горе спомнати институции.

Еден од клучните услови во секој извештај преку кој ни укажуваат меѓународните институции е дека судството треба да се деполитизирана и независно, што ќе биде еден од клучните предуслови за секој граѓанин на Република Македонија без оглед од кој ќе биде злоупотребен. Тој граѓанин, значи судството и судскиот систем треба да биде на страна на граѓаните за да ги заштити нивните итнереси.

За 2007 година се гледа овој извештај и се поставува едно логично прашање. Што ќе изготви претседателот на Судскиот совет во извештајот за 2008 година. Знаејќи ги и увидувајќи ги сите реперкусии, сите негативни појави кои се против уставни и незаконски во насока на извршување на оваа должност како претседател на Судскиот совет на Република Македонија, но исто така како институција како Судски совет на Република Македонија. Ние сме сведоци на многу случаи и за случаи забележувајќи политизација во насока на именувањата на судии во Република Македонија. Иако со полна уста говорат дека одиме во насока на професионалност на судовите во Република Македонија, но за жал се постапува спротивно. Ќе ви дадам конкретен пример. Пред извесно време се избраа неколку судии во Тетово. Од тие судии во Тетово, во тоа не сакам да навлегувам во нивната стручност, но треба да се даде јасен аспект на нивно активизирање во полититичките партии. Ќе ви дадам пример. Поранешниот генерален директор на Поштите на Република Македонија кој во текот на изборниот процес во Република Македонија непосредно ги штитеше партиските интереси на ДПА во Изборната Државна комисија, кој пред еден месец условно речено беше непосредно инволвиран во оваа политичка партија. Се поставува едно логично прашање. Како ние ќе се оправдаме пред нашите граѓани во однос на деполитизацијата на судството, како ќе им одговориме и отчет пред меѓународните инстиутции за деполитизација на судството, додека лицето кое е избрано како судија во Тетово ги бранеше грабежот и кој се етикетира од секој домашен и надворешен фактор во изборниот процес. Тогаш како јас не како пратетник туку како обичен граѓанин како ќе

му верувам на овој судија, како јас ќе му верувам на претседателот на Судскиот совет бидејќи тој го менаџира овој судски совет во насока ако јас направам или ќе бидам, сум или не сум виновен како ќе се заштитам од еден суд или судија кој се менаџира од едно лице кој е активист на една политичка партија. Имаме конкретен случај, Гзим Салиу, кој беше висок инспектор на полицијата директен активист на ДПА. Мислам дека некој треба да се види себеси во какво дереџе сме стигнале за да може да излезе и да поднесе еден ваков извештај , кој извештај не наведува да се сомневаме дали е реален или дали е нерерален овој извештај. Но , што е уште полошо и потешКо дека наводно Судскиот совет и другите судски инстиутции имаат обврска и должност да го бранат првенствено Уставот, законите на Република Македонијам, но нас ни се случува спротивното. Му иостекува работниот рок со возраста, а претседателот на Судскиот совет на Република Македонија спротивно со Законот за работни односи продолжува да ја извршува таа функција. Се поставува прашањето како ние кои не сме ниту судии, ниту адвокати кои не го познаваме правосудството и судскиот систем ше бидеме заштитиници и кој нас ќе не брани во иднина.

Поради ова мислам дека на овој начин се кршат најсуштествените прашања, тоа што се вика Устав, закон, судство итн. Мислам дека ние треба да го анализираме овој извештај, но пред се кога ќе истече листата на пријавени за збор ние како парламентарна група ќе донесеме став како ќе постапиме дали ќе го изгласаме или не овој извештај поднесен од Судскиот совет.

Благодрам господине потпретседател.

**Рафис Алити:** Благодарам господине Незири.

За збор е пријавен господинот Емилијан Станковиќ,

Повелете имате збор.

**Емилијан Станковиќ:** Благодрам господине потпретседателе.

Со оглед на фактот дека прв пат заседавате со седница на Собранието дозволете на почетокот намојата дискусија да ви честитам на вашиот избор и претпоставувам дека ќе имае одлична соработка.

**Рафис Алити:** Благодарам.

**Емилијан Станковиќ:** На расправата на Извештајот за работата на Судскиот совет на Република Македонија за 2007 година, учествував и во работата на Комисијата за политички систем иодноси меѓу заедниците, која се одржа на 21 август. И тогаш како и сега се обидов расправата да ја насочам кон вистинските прашања односно прашањата кои предизвикуваат огромно внимание во јавноста, а кои секако имаат огромно влијание врз животот на граѓаните во Република Македонија .

За жал овој извештај не ги содржи вистинските одговори на тие прашања, ниту пак гледам дека стручнатите служби на Судскиот совет во овој меѓу период направиле корекции на извештајот како резултат на дискусиите на таа седница на Комисиииите.

Затоа очекував дека претседателот на Судскиот совет ќе најде за сходно, пред почетокот на расправата по овој извештај, да ни се обрати на нас пратениците, меѓутоа тоа не се случи. Затоа сметам дека денес, во интерес на граѓаните, во интерес на независноста на судската власт, како и во интерес на Република Македонија, треба да имаме сериозна дебата по извештајот.

Иако извештајот е направен на 29 страници истиот е премногу технички и непотребно изобилува со цитати на одредбите од Законот за дуски совет.

Во Глава 2 со наслов - број на избрани судии, на почетокот се опишува постапката за избор, а во продолжение се наведува кого, кога, поточно на кои седници и на кој датум е направен избор, на пример на 18 судии на Управниот суд, избор на претседателите на Управниот суд, Апелациониот суд во Гостивар и во Скопје, основните судови во Крушево, Струга, Охрид, Кратово итн, но изготвувачот заборавил или направил намерен пропуст во извештајот да наведе дека изборот на овие судии Судскиот совет го правел во несоодветен состав. На пример за изборот на 18 судии во Управниот суд, Судскиот совет одлучувал само 15 дена после собраниската седница, на 4 октомври 2007 година, кога беа изгласани 4 члена или скоро 1/3 од членовите на Судскиот совет. Како е можно четирите нови члена само после 15 дена од стапувањето на должност, да бидат подготвени да одлучуваат за избор на судии и тоа на новоформиран суд, знае само ВМРО-ДПМНЕ. Ваквиот пристап дава одговор на начинот на кој ВМРО-ДПМНЕ го избра, за да го комплетира Судскиот совет во текот на 2007 година, кога под превезот на, наводните судски реформи, се криеше единствената цел по секоја цена да се обезбеди 2/3 мнозинство во Судскиот совет, со кое разрешувањето и изборот на новите судии ќе биде исклучиво по мерка и критериумите на владеачката партија.

Во Главата со наслов - Кадровска состојба во судството, изготвувачот на извештајот наведува дека при донесувањето на одлуката за бројот на судиите во сите судови се водел под ажурноста и во продолжение го навел бројот на судии кои Судскиот совет ги утврдил за сите судови, меѓутоа направил пропуст да каже каква е претходната кадровска состојба односно колкава била кадровската екипираност односно колкава била бројката на судии на сите судови во Република Македонија. Тука изготвувачот, после мноштвото технички и сувопарни податоци, вметнува една политичка квалификација во која констатира дека причина за непополнетите судски места е што избор на судии не е вршено две и пол години наназад.

Сега доаѓаме до најинтересната глава од овој извештај со наслов - Оцена за работата на судиите во Република Македонија во однос на

квалитетот и ажурноста на нивната работа, како и други прашања во врска со остварувањето на независноста и самостојноста на судството. Во оваа глава Судскиот совет дава оценка поединечно за секој суд, ценејќи ја ажурноста односно колку предмети решил а колку не и врз основа на тоа секој од нив добил поединечна оценка, дали се работи за ажурен или неажурен суд. За жал, во оваа глава, иако има ваков наслов, Судскиот совет пропуштил да даде оценка за независноста и самостојнаста на судството во Република Македонија. Така доаѓаме до клучното прашање каде и кога граѓаните на Република Македонија ќе добијат одговор врз основа на кои критериуми Судскиот совет во изминатиот период врши избор на судии за кои во јавноста излегуваат информации дека голем дел од нив се во некаква врска со функционери на владеачката партија.

Врз основа на кои критериуми за избор на судии извисуваат, на пример, еден судија на Европскиот суд за човекови права во Стразбур или стручни соработници кои имаат стаж од 12 или 15 години во судовите, за сметка на ќерки, сопруги, братучеди, кумови, кумашини, или поранешни колеги на функционери на ВМРО-ДПМНЕ.

Судскиот совет во овој извештај не дал одговор врз основа на кои критериуми е дадена предност, без воопшто да навлегувам или да ја оспорувам во ниеден момент нејзината стручност или професионалност, еве на пример на госпоѓата Маја Маркова Котевска која со пет години работно искуство стана судија на Основниот суд Скопје 2. Дали за нејзиниот избор влијаело тоа што е ќерка на поранешна судика на Врховниот суд, или актуелен член на Антокорупциската комисија, или тоа што пак е сопруга на потпаролот на Министерството за внатрешни работи Иво Котевски кој пак има природен талент за почитувањето на владеењето на правото, правната сигурност и презумпцијата на невиност и тоа по електронски пат со пуштање на СМС пораки со забавна содржина, до медиумите, кога се апсат припадници на опозицијата, или на пример кога Судскиот совет ќе ни даде одговор што било пресудно при изборот на госпоѓата Олгица Павлова за судија во Основниот суд во Штип, дали нејзината стручност или професионалност, или тоа што е прва братучетка на судиката на Апелациониот суд, Филимена Маневска, во исто време сопруга на министерот за правда. Дополнително што Михајло Маневски како министер за правда по функција членува во Судскиот совет, во овој извештај ја должите информацијата на јавноста, дали истиот при изборот на Олгица Павловска се иззема од одлучувањето за да го избегне конфликтот на интереси. Тоа дефинитивно го нема во извештајот. Или што било пресудно при изборот на Ефтим Попески Џеглад и Богоја Стрезовски, за судии на Основниот суд во Охрид, дали е нивното стручно знаење и професионалност, или фактот што едниот е поранешен директор на Охридскиот затвор, во периодот 1998-2002 година, или пак тоа што другиот ја делел адвокатската канцеларија со почитуваната колешка Анита Кипаризовска Крстевска, пред таа да стане пратеник од ВМРО-ДПМНЕ од Охрид. На ваквите примери им нема крај, но еден сепак отскокнува, а тоа е начинот на кој се избра актуелниот претседател на Врховниот суд, кој сеуште предизвикува контраверзии.

Без да ја спорам стручноста и знаењето на господинот Јован Вангеловски, Судскиот совет мора да образложи што беше пресудно, лице со еден месец судски стаж, да стане претседател на Врховниот суд, дополнително што во јавноста излезе информација дека неговиот избор станал успешен дури после вториот обид. Значи, дали при изборот на актуелниот претседател на Врховниот суд влијаеше тоа што истиот му е кумашин на претседателот на Собранието, почитуваниот Трајко Вељаноски. На јавноста, Судскиот совет и го должи одговорот на ова прашање и тоа уште повеќе што според информациите во медиумите, новоизбраната судика во Врховниот суд, професорката на Правниот факултет Родна Живковска поднела оставка заради тоа што претходно од највисоко ниво, повторувам од највисоко ниво и било ветено дека токму таа требало да биде претседател на Врховниот суд. Бидејќи тоа не се случило, таа си поднела оставка од функцијата судија на Врховен суд. Ако е тоа точно јавноста сака да знае кое е тоа највисоко ниво кое ветува, кажува, наредува или ги прави критериумите за тоа кој ќе биде избран за судија, кој ќе стане претседател на суд, а притоа отпаѓа личност која два мандата била судија на Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

Сосема на крајот да кажам дека пратеничката група на СДСМ ќе гласа против усвојувањето на извештајот на Судскиот совет заради тоа што тој не дал одговор на три клучни прашања, кои се вистинските критериуми врз основа на кој Судскиот совет избира и разрешува судии, дали роднинските и партиските врски се единствениот критериум на владата на ВМРО-ДПМНЕ за наводните реформи во судството и кој ќе сноси одговорност за грубата партизација која ВМРО-ДПМНЕ ја спроведува во судството. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За збор е пријавена пратеничката Ермира Мемети, повелете.

**Ермира Мемети:** Благодарам господине потпретседател.

Дозволете и јас да ви посакам успешна работа на местото на потпретседател на Парламентот затоа што ова е првата седница со која претседавате вие.

Ќе направам неколку коментари, верувам ќе бидат кратки, во однос на содржината на извештајот што ни е претставен на денешната седница, независно од тоа што разгледувањето на истиот има поминато и во матичната комисија.

Мислам дека е исклучително тешко, да не кажам некредибилно да кажам дека извештајот на

Судскиот совет да го третираме денес кога првите и вторите страници од дневните весници се полни со текстови за скандалите кои ја потресуваат јавноста и кои за жал се во однос на амбициозноста за напредокот во кариерата на претседателот на Судскиот совет кој денес е присутен во салата и во околности кога многу се пишуваше и се говореше за намерите за сочувување на позициите во Врховниот суд од кои господинот Исени дојде на функција на претседател на Републичкиот судски совет, во околности кога немам ниту една дилема дека и игрите со промените на одредбите на соодветните закони кои се во однос на работните односи и организирањето на судовите и Судскиот совет, измените се прават само заради зачувување на привилегиите, за жал, на актуелниот претседател на Републичкиот судски совет на кој, доколку не грешам, оваа година треба да му истече во двогодишниот мандат на местото претседател на советот, затоа што според Законот за Републичкиот судски совет, мандатот на истиот трае две години без право на реизбор. Мислам дека целата содржина на законот во такви околности паѓа под сенка на ваквите околности и скандали со кои јавноста се соочува денес. Како и да е, јас би побарала дополнително објаснување за неколку елементи кои недостасуваат во денешниот извештај и кои можеби ќе беше добро да бидат содржани во овој извештај затоа што Републичкиот судски совет треба да изготви извештај со кој ќе ги покрие сите елементи во однос на организирање, функционирање и независност на судовите. Така на пример член 27, алинеја 3 од Законот за судовите, предвидува оние единици на локалната самоуправа или пак општини во кои населението кое припаѓа на заедници кои не се мнозинство е кое е над 20%, судовите се обврзани да стават написи на двата јазици. Колку што јас знам натписите не се двојазични, освен во Апелациониот суд кој е проект кој го реализираше ДУИ уште во минатиот владин мандат. Меѓутоа тие што денес се во опозиција ја злоупотребија оваа намера за да направат малку изборна кампања и маркетинг во интерес на нивните политички позиции. Значи со исклучок на Апелациониот суд, не знам во другите судови во општините со над 20% албанско население, има натписи на двата јазици.

Членот 27 алинеја 2 од истиот закон, значи Законот за судовите, предвидува или пак ги обврзува судовите да го реализираат начелото и уставната одредба за правична и соодветна застапеност.

Извештајот што го имаме пред нас не нуди јасна слика за тоа каква е состојбата, кое е нивото на правичната и соодветна застапеност на немнозинските заедници во органите на судството, судовите од сите инстанци. Содржи формални реченици кои се бледи и празни, кои создаваат повеќе конфузија, отколку што даваат објаснување за тоа кое е нивото на правичната и соодветна застапеност, до каде се бројките и уште колку треба да се зголеми тој број и нормално кои се потребните интервенирања. Тоа, што се однесува на судиите, меѓутоа што се однесува и на делот на државните служби и другите вработени внатре во Републичкиот судски совет.

Сега неколку реченици во однос на настојувањето за политизација, без да сакам да констатирам дека има таква јасна политичка тенденција или пак чиста политичка намера за унапредување на партиски кадри или пак партиски милитанти. Сепак мислам Републичкиот судски совет не смее себе си да си дозволи, заради дефиницијата што ја има како орган кој пред се ја штити независноста на судовите бидејќи судот како орган е независен од извршниот и законодавниот орган, барем така треба да биде. Со цел за зачувување на оваа функција и зачувување на кредибилитетот, мислам и верувам дека Републичкиот судски совет не смее да си дозволи да му се случат скандали од типот на именувањето на страсните партиски милитанти, како што беше случајот на господинот Садула Изаири на местото судија во Тетово, затоа што тој можеби можеме и да претпоставиме дека тој веќе и не е член на ДПА, меѓутоа сепак сеќавањата на улогата што тој ја имаше во текот на изборната кампања, функцијата која ја одигра во текот на изборната кампања и задачите што му ги имаше определено неговата партија ДПА, него го прават и понатаму да се перцепира во јавноста како член на една политичка партија. Именувањето на ваквите партиски милитанти на позиции во судовите е во конфликт со Амандманот 27 од Уставот на Република Македонија кој вели дека функцијата на судија е неспоива со друга функција, со учеството или пак со активноста во политичките партии. Истата дејност се забранува и со членот 52 алинеја 6 од Законот за судовите и се забранува со член 3 алинеја 2 од Законот за судскиот совет. Се тоа се норми и одредби кои забрануваат именување или избор на партиски функционери на функции односно судии.

Надевајќи се дека ваквите гафови, ваквите скандали нема да се повторат во иднина, јас тука ќе завршам со мојата дискусија.

Уште еднаш сакам да нагласам дека денешната расправа е под сенка на скандалите кои ги пополнија првите страници од дневните весници кои се во однос на желбите и амбициите за продожување на кариерата спротивно на законските одредби за вршење на дејноста или пак за работен однос или пензионирање. Нормално во една ваква ситуација нас ни преостанува само констатацијата дека содржината на денешниот извештај за жал, е некредибилна, затоа што потписникот или пак подготвувачот на овој текст ја врши неговата функција без легитимитите. Значи има еден нелегитимен мандат. Благодарам.

**Рафис Алити: Благодарам и јас.**

Има збор пратеникот Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателе.

Би сакала да ви го честитам изборот и бидејќи денес прв пат водите седница, ви посакувам успешна работа и секако сорабока со сите пратеници во овој Парламент, без разлика дали се тие од опозиција или позиција.

Почитувани колеги пратеници. Денес во ова Собрание разгледуваме прв извештај на Судскиот совет на Република Македонија, кој според Уставот, според уставните измени практично треба да ја гарантира независноста на судската власт.

Она што мене денес ме иритира е постапувањето на претседателот на Судскиот совет на денешната седница.

Денес очите на целата и македонска и меѓународна јавност беа или се вперени во Собранието на Република Македонија, нормално затоа што прв пат во историјата на Република Македонија се разгледува еден ваков извештај. Зборувам ваков, бидејќи како што веќе тврдиме имаме независна трета судска власт, со конституирањето на Судскиот совет и предно беше претседателот на судскиот совет да излезе пред ова Собрание и да си го образложи овој извештај, не само пред пратениците туку и пред македонската, а секако и пред светската јавност и аргументирано овде низ дебата, не само преку Извештајот туку и преку негов збор да докаже дека навистина Република Македонија имаме независно судство и дека навистине во Република Македонија вредеше што пирстапивме кон Уставни измени за осамостојување на третата, судска власт.

Почитувани колеги, самото постапување на претседателот на Судскиот совет и од дебатите на сите пратеници до сега кои зедоа збор во врска со оваа точка на дневен ред, а и од севкупните случувања во судството особено во Судскиот совет на Република Македонија не ни дава за право да констатираме дека Судскиот совет го положи испитот. Одолеа на политичките притисоци и успеа во оваа година и нешто дена да ги постави основните постументи, основните стожери на независноста на судството.

Ова е мој личен став, јас мислам дека Судскиот совет не го положи испитот. Дотолку повеќе ако имаме во предвид дека еден од најважните услови за интеграција на Република Македонија во Европската унија и во НАТО е независно судство, останува одговорноста на Судскиот совет за евентуално негативната оценка на Европската комисија на овој дел во општественото живеење на Република Македонија.

Почитувани колеги, вие знаете, повеќето колеги кои сме присутни тука сме учествувале во уставните измени на Република Македонија и тогаш сите, без исклучок, бевме понесени од идејата дека овие решенија во Уставот ќе гарантираат особено уставниот статус на Судскиот совет и начинот на неговиот избор, начинот на неговото финансирање, начинот на неговата работа ќе гарантира независно деполитизирано судство.

Изминатата година ипол дена случувања укажуваат на тоа не само што судството, Судскиот совет не само што не се деполитизира, според мене, Судскиот совет практично стана истурена рака на парламентарното мнозинство на Владата на Република Македонија. Секојдневно се соочуваме и сме сведоци на постојано мешање и постапување како во судството така и во Судскиот совет на извршната власт. Целта на уставните измени не беше ова, мислам дека не го постигнавме она што сакавме да го постигнеме, значи во моментот немаме понезависно судство од пред уставните измени, туку напротив, сега имаме како што кажа мојот колега Емилијан во својот говор кога ви елаборираше некои избори за судии во некои судови во Република Македонија, напротив, сега наместо да имаме независно судство според мене имаме дружина “Братско стебло”. Ако се имаат во предвид врските и поврзаноста на носителите на високите позиции во извршната власт, на носители на позиции во судската власт, па и во законодавната ќе видиме дека практично овие избори минатата година се одвивале не по критериуми кои ги пропишува Уставот и законот, туку по критериум кој повеќе е поблизок до некој влијателен носител на одредена позиција.

Ова не оди во прилог на евроинтеграциите на Република Македонија, ова не оди во прилог на демократизацијата на Република Македонија, ова не носи ништо добро на Република Македонија, но секако ќе носи добро не на граѓаните на Република Македонија, но носи добро на одредени структури кои полека се инфилтрираат во сите институции на системот и мислам дека тоа е лоша порака за Република Македонија.

Извештајот, според мене, е сувопарен. Мислам дека после година дена од работата на Судскиот совет требаше Судскиот совет да даде една анализа на состојбите на судството, а не да ги цитира одредбите од Законот и Уставот кој за што е надлежен и како се бира, знаеме, затоа што ние сме ги донесувале законите овде, ако не сите, барем овие кои се однесувале на судството со внимание сме ги читале затоа што сакавме овие година и повеќе да направиме независно судство.

Судскиот совет требаше малку да се занимава со недостатоците или недореченостите во решенијата кои сме ги донеле или да каже кои дополнителни механизми се потребни во оваа област за да навистина обезбедиме независно судство. Тоа не е сторено, очигледно како што е Судскиот совет и судството за Судскиот совет е независно, доволно независно и може да се тера така, но практиката не го зборува тоа.

Би сакала да се осврнам на неколку точки од овој Извештај.

Прво, навистина во поранешниот мандат на една од седниците за поставување на пратенички прашања го повикав претседателот на Судскиот

совет на седница на пратнички прашања да дојде и да каже, да даде одговор по кој закон си го продолжи својот работен век ако се има во предвид дека Судскиот совет е тој кој треба да ја штити законитоста во работењето и да презема мерки против судиите кои не го применуваат или не го имплементираат законот.

Ако првиот човек на институцијата заради себе го крши законот, според мене, тој нема морално право понатаму да бара од останатите во хиерархијата кои се под него да сносат одговорност заради непочитување на правилата по кои се постапува.

До ден денеска тоа остана како црно петно, не се даде образложение, а од друга страна вели на страница 9 дека во 2007 година Судскиот совет донесе 7 решенија за престанок на судска функција заради исполнување на услови за старосна пензија. Што ќе се случеше господине претседателе доколку овие 7 или идни уште 77 судии се повикаа на вашето право кое сега го уживате и каде понатаму ако цело време овие неколку недели се препираме за тоа или донесуваме закони од сферата на Јавното обвинителство, па и во судството дека треба да се подмладува кадарот. Објаснете, аргументирајте како ќе постапите ако сите судии побараат да им се продолжи работниот век како што вие сте си го продолжиле и по кои законски прописи. Тоа е можеби банална работа, но многу важна, практично се гледа како се постапува во Судскиот совет за сите останати, па вклучително и за изборите.

Судскиот совет беше сведок на изминатите година ипол дена на постојани политички притисоци на власта врз судиите. Ниту еднаш Судскиот совет не излезе со сопствена реакција иако медиумите беа преполни за притисоци од страна на извршната власт врз одредени судии, Судскиот совет како највисок орган ниту еднаш не излезе да реагира на политичките притисоците кои ги трпеа судиите во вршењето на својата работа. Барем еден пример да имаше за такво негово постапување јас навистина ќе гласав за овој извештај и ќе го подржев Судскиот совет во напорите да издржи за неговор целосно оттргнување од прегратките на извршната власт.

Судскиот совет исто како и граѓаните постојано во медиумите, тоа ќе го зборувам и кога ќе зборувам по извештајот за Народниот правобранител, постојано гледа за кршење на пресумпцијата на невиност. Во својот извештај во глава 27 - оцена за состојбата во судството за заштита на човековите права и основните слободи. Има цела глава, има една страница, но никаде не видов дека Судскиот совет оценил дека во некој случај е прекршено некое основно човеково право и слобода особено за пресумпцијата на невиност сакам да го потенцирам да реагира и да ги штити човековите права и достоинството од постапувањето на судиите, на истражните судии и не знам кој кои даваат  вакви налози. За разлика од тоа членовите на Судскиот совет, дел од членовите на Судскиот совет кои имаат политички влијанија се бават со постојан притисок на судиите кои не се истомисленици со нив и од највисока позиција од Судскиот совет со постојано барање извештаи за се и сешто, а не и за судењето се со една цел како во сите институции што сакаме да поставиме политички истомисленици да инфилтрираме во сите институции свои следбеници така Судскиот совет со едногодишното работење докажа дека е целосно во функција на извршната власт, целосно врши партизација, за ова кажа мојот колега Емилијан, со име и презиме, да не се повторуваме, избрани луѓе кои се блиски на парламентарното мнозинство, на владеачката гарнитура и ова е уште една порака до меѓународната заедница дека Судскиот совет не го положи испитот, дека Судскиот совет е продолжена рака на извршната власт, дека Судскиот совет помага и во судството да се исчистат кадрите кои не се истомисленици, кои не се послушни и дека сакаат да си инфилтрираат свои луѓе и со тоа да обезбеди свое влијание.

Вака не се гради независно судство, вака немаме позитивна порака пред Европската унија, вака нема да го добиеме позитивниот извештај во овој дел од Европската комисија иако пристапивме кон уставни измени.

За сета оваа ситуација ќе имаме оценка од Европската комисија и доколку е негативна мислам дека Судскиот совет треба да си ја преземе својата одговорност. Благодарам.

**Рафис Алити:** И благодарам на пратеникот Цветанка Иванова.

За збор е пријавен пратеникот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

И јас се придружувам кон честитките за вашето прво водење на седницата со убедување дека ќе имаме одлична соработка.

Да можат камерите да покажат колкава е заинтересираноста на ВМРО-ДПМНЕ за оваа дебата, ќе се види вистинското лице или квази интересираноста која се сведува само како да бутнат што е можно повеќе свои кадри во редовите на судите.

Втората работа, што за мене е апсолутно неприфатлива е што не може претседателот на Судскиот совет во најмала рака да не почести со три минутно образложение за она што ни го дава како извештај. Се надевам дека, барем на крајот претседателе, од дебатата ќе се јавите, бидејќи овде се отворија многу крупни теми.

Третата работа е дека ова не е техничка расправа. Нашето Собрание не е сведено на гласач на вашиот извештај. Бидејќи ние денеска разговараме за извештај на орган кој треба да биде своевиден контролор и извршител на крупните реформи кои, да се потсетиме, беа донесени во 2005 година во мандатот на Владата на СДСМ.

За што ги правевме овие реформи? За да Судскиот совет наместо контролор и објективен

придонесувач за независноста на судството стане своевиден мутант, јас мислам дека она за што требаше да се бори Судскиот совет стана истото тоа. Наместо Судскиот совет да се бори против партизација, Судскиот совет е извор на партизација. Наместо Судскиот совет да обезбеди независност на судиите и судството, стана извор на зависност на судиите и судството. Класичен антипод и наместо вие да ги исполните целите за што сте избрани, напротив, вие ги направивте токму истите работи за кои требаше да се борите. Партизирате, ја укинувате и дерогирате независноста и самостојноста и замислете единствениот критериум, за жал, кој вие сте го ставиле во извештајот, јас се согласувам дека е многу битен но не смее да биде единствен е ажурноста и ефикасноста. Ако ефикасноста на Судскиот совет и на судството или вие барате да биде иста како онаа на Владата каде штанца по 100 закони неделно, па на крај 95 не функционираат, тогаш не ни треба таква ефикасност. Јас не можам да разберам дека единствен критериум за вас е да се решава што е можно побрзо предметите без да водите сметка за независност, за квалитет на одлуките и затоа ни се случува одлуки на Основен суд да бидат често пати поништувани од Апелационен, одлуки на Апелационен да бидат понишувани од Врховен и да имаме комплетен распад во одредени делови во судството.

Тоа е исто како да му речете на врвен хирург оперирајте 10 пациенти дневно, еден ќе почине најмалку, бидејќи не може да се оствари критериумот на ефикасност со механички притисок без при тоа да се обезбедат услови.

Дополнително, ние имаме на јавна сцена, бидејќи ги нема пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, седат на друго место, и сериозен политички проблем во коалицијата на власт. ДУИ вели дека вие немате мандат и легитимитет, јас во тоа ги подржувам. Министерот Михајло Маневски вели дека вие и Судскиот совет работите извонредно, значи имаме судир на отворена сцена помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ за многу крупно прашање. Имаме дополнителни парадокси ВМРО-ДПМНЕ да бара да се намалат годините за вработување на судиите и јавните обвинители, а да ви дозволува вам неограничено за не знам која година на вашата возраст да ја обавувате функцијата претседател на Судскиот совет. Тоа е парадокс. Од една страна имаме луѓе на 29-30 години да станат судии во Основен суд со минимум искуство, можеби никакво, а имаме ситуација како вас лично вие да бидете продолжувани иако не ги исполнувате условите да бидете претседател на Судскиот совет.

Жал ми е што Михајло Маневски не е тука да го прашам отворено зошто е така, дали тој од тоа има ќар како и ВМРО-ДПМНЕ дали вие имате ќар лично од тоа и некоја друга структура, но ќе бидам скратен за тој одговор бидејќи министерот Михајло Маневски кој, за жал, е единствениот пресуден момент за тоа кој судија ќе биде избран, денеска не е тука.

Затоа дел од членовите на Судскиот совет велат чекаме да видиме како Михајло ќе дигне рака, па ние да гласаме. Затоа вие предвреме ги договарате списоците на судии и после добиваме парадокси. Судија на Судот за човекови права во Стразбур да не биде избран судија во Врховниот суд. Катастрофа. Срамота за една држава. Внимавајте која порака ја праќате кон меѓународната јавност. Тие плаќаат пари како и граѓаните на оваа држава за реформи во судството. Вие велите дека е тоа сосема легитимно. Легитимно е човек што треба да оди во пензија да го води најбитниот орган, легитимно за вас е судија што 8 години судела случаи кои ги надминуваат границите на Република Македонија да не биде избрана, легитимно е Судскиот совет да промовира списоци кои се врв на непотизмот или на партиските и лични релации во именувањето на судиите.

Да резимирам Судскиот совет најбитната институција во делот на реформите на судството се претвори во невиден мутант на волунтаризам, на креирање единствено на партиски одлуки и нивно спроведување и на одлучување, како што во моментот ќе се донесе политичката одлука. Без никаков критериум дури ни линија нема на консеквентно вашето носење на одлуките. Идете од една во сосема друга крајност и око не ви трепнува. Ама, за жал, реформите во судството кои се битни пред се за граѓаните, за бизнисот се битни и за стратешките интереси на оваа држава. Тие се критериум дали ние ќе добиеме датум за преговори за Европската унија, критериум дали ќе бидеме полноправна членка на НАТО, а вие се однесувате небаре Судскиот совет е приватна своина и внатре сме ставиле одреден круг на луѓе кое ќе биде алфа и омега наместо да биде контролор и насочувач и заштитник најмногу од се на објективноста, независноста, транспарентноста.

Транспареноста е изгубена именка во вашето работење, буквално, не се разбираат ниту едни информации нормални кои што јавноста мора да ги знае. Ќе се случат скандалите, па потоа ќе излезат во јавноста и додека не се случи новиот скандал и така во круг. Заради тоа Македонија дефинитивно ја губи битката за ефикасно, независно, објективно и пред се независно судство.

Да ве потсетам претседателе, дека за истиот овој Судски совет неколку месеци се водеше евтина политички мотивирана дебата за кандидатите кои што ги предлагаше претседателот на државата. Си играа мајтап ВМРО ДПМНЕ и тогашните коалициони партнери, овој ќе го поддржиме, па не ни се допаѓа, па ќе го смениме, па ќе го гласаме, па ќе извадиме нови кадри. Ја држеа Македонија во заложништво се до оној момент додека сакаа да поминат само нивните кадри. Во изборот на судиите кои што се кај вас во Судскиот совет ова Собрание беше сведок и на етничка дискриминација во кој што еден кандидат за судија не стана кандидат само затоа што е Турчин. Тоа беше официјалното образложение на

ВМРО ДПМНЕ, или пак после тоа Бошњак. Срамото невидена. Значи, на овој орган се ломат копјата на политичките партии во власта. Тоа е случај и денеска. ВМРО ДПМНЕ и ДУИ се судрија околу вашето функционирање лично и дел на Судскиот совет. И затоа веројатно македонската јавност ќе треба да добие одговори, ама бидејќи од другата страна нема никој, се плашам дека апсолутно методите на пазар во судскиот совет, методите на завршување на лични работи, методите на партиско остварување на личности ќе продолжи. За жал, ќе продолжи ситуацијата како што говореа колегите луѓе што 12 години работат во судовите и се дефакто оние што ги подготвуваат пресудите, нема да станат судија, ама затоа некој кој што има шест месеци работен стаж како стручен соработник, ама замислете има јака членка книшка на ВМРО ДПМНЕ ќе стане судија на Основен суд 1 и 2, сеедно. И каде е тука независноста, каде е тука ажурноста, каде е тука ефикасноста? Никаде. Погребани се за жал, ама на тој начин ја влечете Македонија надолу и она што треба да преставува наша обврска спрема граѓаните и спрема нашите партнери во странство ни станува наш најголем хендикеп и сериозен проблем. Додека не се разрешат овие крупни дилеми Македонија нема да оди на арно, нема да се движи напред, бидејќи можеби вие во краток временски период ќе ја остварите вашата идеа целото судство да биде ВМРО-вско, тоа ви е крајната цел. Ама кога ќе го направите тоа нема со што да менаџирате, бидејќи државата нема да биде сериозна држава, ќе ја направите класичен башибозук како што консеквентно тоа го правите во дипломатијата, сега во судството, или во кондинуитет, на крај и во некои други структури.

Апсолутно ќе гласам против овој Извештај и апелирам до вас претседателе, но пред се и до, за жал, иако тоа не е инстанцата, премиерот Груевски да се свести и да престане ова разорување на судскиот систем во Република Македонија.

**Рафис Алити:** Му благодарам на пратеникот Игор Ивановски.

Има збор пратеникот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Благодарам.

И јас да се приклучам кон честитките за вашиот избор за потпретседател на Собранието, со надеж дека ќе имаме добра соработка при парламентарните расправи.

Мислам дека овој пат за прв пат во Република Македонија се разговара, се расправа за Ивештајот на Републичкиот судски совет, една институција која што треба да биде гарант за независноста и за самостојноста на судскиот систем и судството во целина.

Меѓутоа, последните случувања укажуваат дека оваа институција е под силно политичко влијание. Но, мислам дека одговорноста за политизација на Судскиот совет, или пак најголема одговорност треба да сноси оној што раководи со Судскиот совет. Тој треба да направи систем кој што ќе биде отпорен на сите политички влијанија. Јас знам дека има направено системска грешка, уставна грешка, некој како што викаше фабричка грешка, со тоа што во Републичкиот судски совет членува и министерот за правда. На тој начин мислам дека можна е силна политизација и силно политичко влијание од страна на извршната власт, на политичките партии што се на власт. Ова јас не го зборувам прв пат денеска, тоа го зборував и тогаш кога се расправаше и за Законот за јавно обвинителство и за некои други законски промени во судскиот систем, Мислам дека тоа не можеме да го исправиме бидејќи таков е Уставот и таква одредба ќе остане. Таква одредба слична се внесе и во Законот за јавно обвинителство, повторно министерот за правда е во Советот на јавни обвинители. И оттука јас се залагав и сега се залагам да се исправат, да се корегираат сите грешки кои што даваат основа за зомнеж во објективноста, во самостојноста на Републичкиот судски совет и во целина за самостојноста на судството. Мислам дека оправдани се расправиите, дискусиите дека изборот на судии тоа почнувајќи многу поодамна, не од сега, дека во основа е како резултат на партиска селекција на судиите и тоа е сосема јасно дека долго време општинските комитети на СДСМ и на други политички партии одлучуваа кој се ќе биде судија. За жал, и покрај тоа што се донесе сега нов Устав, уставни амандмани, нови закони итн., мислам дека сеуште не сме се ослободиле од политичкото влијание кои се ќе бидат избрани судии, или пак унапредени од Основен, од Апелационен и Врховен суд. Тоа е мое уверување и мој став дека тука треба претседателот на Републичкиот судски совет во Извештајот многу објективно и јасно да покаже на кои се притисоци се изложени членовите на Републичкиот судски совет, ако ги има, ако ги нема треба тоа да го потврди, да го каже јасно дека изборот на судиите одкога се конституира РСС, се одвива врз основа на јасни критериуми и дека судии стануваат само оние што се способни, кои што се докажани во својата професија, добри правници, чесни и во основа најдобрите. На тоа прашање нема одговор. Сега ако продолжиме така да ги движиме работите, тогаш навистина ќе имаме партизација на судството и нема да имаме самостојност. Судиите, голем број на судии се под силен притисок и стрес, затоа што сега од една сосема друга и јасно чиста намера да бидат тие самостојни, тие сега се под еден силен притисок дали некој нема да му земе мерка и преку судскиот совет ќе го отстрани од работа, или ќе го разреши од функција. Затоа мислам дека треба да имаме многу отворена расправа во Парламентот по повод овој Извештај и да видиме што е тоа што треба да го промениме се со цел овој судски совет да биде самостоен, независен и тој да биде гарант на самостојноста и независноста на судството во целина. За жал, тоа не е така. Јас и сега и порано сум зборувал дека се залагам за тоа во Судот да се бираат млади кадри, да се даде шанса на младите стручни кадри кои што имаат завршено факултет, положен правосуден испит, кои познаваат повеќе јазици,

кои можат да го проучуваат компаративното право, кои можат да се служат со компјутери, со интернет, едноставно за кадри кои што се имуни на партиските и на политичките влијанија. И затоа сметам дека еден од начините за кадровска обнова е да се даде токму простор и можност на овие кадри. Инаку, сум против, не сакам да ги коментирам изјавите на претседателот на Судскиот совет кој вчера се најде во една сосема друга позиција, предлагајќи да бидат некои од судиите во привилегирана положба па да останат дури со 70 години старост во Врховниот суд, а сите други да одат порано во пензија. Мислам дека една таква изјава апсолутно е крајно опасна, неприфатлива и не личи таква изјава да даде претседателот на РСС.

На крајот да завршам, јас анализирајќи го овој Извештај навистина не можам да најдам елементи за поддршка на истиот и можеби е добро врз основа на оваа расправа овој Извештај да се врати и Судскиот совет да седне и да направат извештај во кој што ќе посочат на сите слабости во функционирањето на системот и ќе предложат решенија како и на кој начин оваа важна самостојна институција и натаму да се унапредува и навистина да стане независна и самостојна и да биде гарант за заштита на правата и на слободите на граѓаните. Граѓаните тогаш кога ќе бидат обесправени, кога ќе бидат, не знам од власта, или од било кој кога ќе им биде нанесена неправда треба да знаат дека има место каде што можат да се обратат и каде што ќе се дојде до правдата. Тоа засега не гледам дека имаме такви гаранции.

**Рафис Алити:** Му благодарам на пратеникот Павле Трајанов.

Бидејќи е време за пауза, репликите ќе ги оставиме за после паузата.

Објавувам пауза до 15 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,07 часот).

**Рафис Алити:** Продолжуваме со работа.

За реплики беа пријавени пратениците Грковска Лошкова Славица, Иванова Цветанка и Ивановски Игор.

Ја повикувам пратеничката Грковска Лошкова Славица да земе збор за реплика.

Бидејки пратеничката не е тука, ја повикувам пратеничката Иванова Цветанка да го искористи правото на реплика.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе.

Би сакала на господинот Трајанов во вид на реплика да му оддадам едно признание на неговата дискусија, со која го потврди сомнежот или она што опозицијата го тврди дека Судскиот совет во Република Македонија не го положи испитот, дека Судскиот совет е политизиран, дека Судскиот совет е продолжена рака на владеачкото мнозинство и ако тоа оди како потврда од пратеник кој е член на парламентарното мнозинство и ислушувајки ги со внимание дискусиите на пратениците од ДУИ кои се исто така дел од владеачкото мнозинство ако одат во насока дека навистина Судскиот совет не го положил испитот и дека е исполитизиран и дека во овој период од година и нешто повеќе вршел избор на судии и разрешувања на судии по политичко влијание и постојано со притисоци, јас мислам дека веќе е јасно дека овој Извештај не треба да се прифати и да видиме каде е вината, а оној кој има вина да сноси навистина одговорност за состојбите во судството во Република Македонија и секако во Судскиот совет.

**Рафис Алити:** Благодарам.

За контра реплика се јави господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Само накусо, во мојата дискусија не посочив дека во целина Судскиот совет не го положил испитот. Мојата дискусија првенствено беше насочена кон тоа претседателот на Републичкиот судски совет не обезбеди инструментариум како и на кој начин да се одбрани од можните политички влијанија, дури посочив дека ако има потреба тој да предложи систем или промена во системските решенија се со цел да се даде шанса на млади способни талентирани судии, правници, да бидат вклучени.

Иако генерално може таков заклучок да се изведе, бидејки не е само претседателот таму, има и повеќе членови од различни структури кои по разни линии се членови на Републичкиот судски совет, претставници на предлог на претседателот, на Парламентот, има членови кои непосредно ги избираат судовите. Мислам дека таму има еден состав кој може да гарантира самостојност.

**Рафис Алити:** Благодарам.

За збор е пријавена госпоѓа Дулиќ Благородна, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам потпретседателе.

Се приклучувам кон честитките за вашиот избор за потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Земам збор во врска со извештајот од Судскиот совет на Република Македонија од причини што сметам дека овој извештај ќе ни послужи да поразговараме за состојбите во судството. Судскиот совет на Република Македонија е самостоен и независен орган на судството кој ја обезбедува и гарантира независноста и самостојноста на судската власт. Во врска со ова во своите надлежности Судскиот совет ја следи работата на судиите, врши избор на нови судии на сите нивоа на судовите во Република Македонија од редовното судство, а исто така и разрешува судии каде што ќе се утврди независно и незаконито работење на судиите во вршењето на судиската работа.

Во врска со надлежностите на Судскиот совет констатираме дека Судскиот совет е само еден сегмент од органите кои се во рамкит ена функционирањето на судската власт која што

пред се ја остваруваат судовите во Република Македонија.

Читајќи го извештајот сметам дека овој извештај ни дава основа да продискутираме за состојбите во судството, да констатираме дали реформите во судството се на прав пат, дали добро се имплементираат во системот и што треба да се направи евентуално тие состојби да се подобрат. Водосегашните дискусии не слушнав никакви коменти во однос на состојбата во судството. Не слушнав коментари на тоа што поплаките од граѓаните и од правните лица се драстично зголемени во извештајниот период и што значи тоа за довербата на субјектите кои се јавуваат пред судовите за остварување на своите права. Потоа не слушнав а и не прочитав во самиот извештај за работата на Врховниот суд, освен за преметното постапување, дали биле ажурни или неажурни, не се проговори за со години неработење на општата седница на Врховниот суд и нефункционирање на основната функција на Врховниот суд за воедначување на судската пракса, што доведе до тоа судовите за иста материја за исти случаи да донесуваат различна одлука а дури после 5-6 години со дистанциона постапка тие предмети евентуално да се уедначат во Врховниот суд по предметно постапување, а не преку заземање на правни стојалиша и правни ставови од страна на општата седница на Врховниот суд.

Знаеме дека претседателот на Врховниот суд по функција е и член на Судскиот совет. Исто така и министерот за правда по својата функција е член на Судскиот совет. Според тоа, во Судскиот совет имаме еден состав кој би требало да гарантира дека сите состојби во судовите во Република Македонија ќе бидат следени и оценувани од причини што пак извештаите на сите судови се разгледувани и оценувани од страна на општата седница на Врховниот суд на Република Македонија. Меѓутоа, очигледно дека тоа изостанува. Овие податоци што се дадени за оптовареност на судовите со нерешени предмети ќе видите дека се дадени во маса без да биде разграничено по видови на предмети. Мислам дека и на оние што не се правници им е познато дека во надлежност на судовите имаат баласни предмети по кои судиите воопшто не се ангажираат, по кои повеќе постапува администрацијата и тие предмети ја оптоваруваат како бројка работата на судовите во Република Македонија, што не ја дава реалната слика за оптовареноста на судовите во Република Македонија. Треба да се знае дека граѓанските предмети, кривичните предмети, стопанските предмети, истражните предмети се оние кои се водечки и основа на работата на судовите во Република Македонија, а таква анализа не е направена. Според тоа, дадената слика не може да биде реална слика за ажурноста, состојбата и оптовареноста пред се на судиите во одделни судови.

Колеги, ќе видите дека кај малите судови кои се застапени по систематизација од 5 до 9 судии, тука спаѓа Крива Паланка, Виница, Кратово, Ресен, Делчево, Берово, Дебар, тие судии во тие судови и да сакаат не можат да остварат повеќе. Меѓутоа, примаат иста плата како и оние судии кои се максимално оптоварени со работа, а тоа се големите судови пред се Скопските судови, во Куманово, во Кичево, во Охрид, Битола и мислам дека треба да се размислува и во однос на наградувањето дали треба сите судии да примаат иста плата, без оглед на тоа колкав учинок имаат. Мислам дека за овој проблем треба да се размислува и да се разреши на друг начин со делегирање на судии од помалите судови во поголемите судови за решавање на оние рпедмети кои се водечки и кои се стожер на работата на сите судови во Република Македонија, за да постигнеме ажурност по тие видови предмети, а не се да ставаме на куп и да зборуваме дали некој судија е ажурен или неажурен врз непотполни податоци.

Од тие причини сметам дека сите овие инволвирани субјекти кои се носечки и кои се од суштествено значење за организирање, за работа, за фианнсирање, за избор на судии, за разрешување на судии, сите заедно треба да работат за да се постигне навистина тоа да имаме судство кое ќе гарантира дека ќе се почитуваат правата и слободите, дека ќе се почитуваат роковите за одлучување, дека ќе се намалат предметите за судење во неразумен рок пред судот во Стразбур, сето тоа да се направи со цел навистина да се почувствува дека законските одредби и уставните измени за реформите во судството навистина да придонесат за тоа да се имплементира во работењето на судовите.

Исто така, не сретнав во Извештајот Што станува со специјализација во работењето, пред се мислам по стопанските спорови, заради тоа што поуправните спорови сега веќе дефинитивно имаме специјализација со формирање на специјализиран суд за таа намена. Меѓутоа, сметам дека за влез на странски капитал од исклучително значење е постапување по стопанските спорови кои се рак рана за странските инвеститори при остварување на нивните права во облигационите односи кои настануваат.

Според тоа, иако не е беззначајно кои кадровски решенија во моментот биле извршени, мислам дека значајно е единствено како тие лица во пракса ќе се покажат, затоа што треба да знаете дека еднаш избран судија е судија до колку не е корумпиран, до колку не подлегнува на притисоци, а тоа е работа, лична работа на секој поединец дали ќе биде корумпиран и дали ќе потпадне под влијание од било кој вид. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам.

За збор е пријавена госпоѓа Грковска Лошкова Славица, повелете.

**Славица Грковска Лошковска:** Благодарам потпретседателе.

Воопшто не сум изненадена што денес претседателот на Републичкиот судски совет не се јавува за збор заради тоа што, со оглед на Извештајот што го има доставено до Собранието на Република Македонија, најдобар начин да се одбрани себе си и институцијата што ја претставува е со молчење, заради тоа што едноставно нема аргументи со кои ќе ги побие нашите тврдења кои беа истакнати до сега, а тоа е дека ова е пример за Извештај каков што не треба да се достави до Собранието уште еднаш, ова е пример на Републички судски совет за сите наредни состави на Републичкиот судски совет за тоа како не треба да функционира Републичкиот судски совет и како не треба да ги извршува своите ингеренции. Да дадете извештај во кој се потенцира дека посебно внимание заслужуваат активностите на Судскиот совет кои се однесуваат на изборот на судии, претседатели на судови и нивни разрешувања и дека во изминатата година Републичкиот судски совет својот главен акцент го ставил од сите негови надлежности на оваа активност навистина е за секоја критика. Од друга страна, во извештајот да велите, да признавате како институција дека до сега сеуште не е изготвен правилник за следење и оценување на работата на судиите, па јас ве прашувам господине Исени, ако воопшто соберете храброст да се јавите, како успеавте своето главно внимание и акцент да го насочите на разрешување и неизбор на судии ако немавте правилни врз основа на кој ќе ја следевте нивната работа. Вие со ова практично признавате, она што го рекоа и колегите од власта, дека изборот и разрешувањето на судиите е сеуште партизиран. Тоа што за жал вие го констатирате во оцена на дел од извештајот, каде што давате оцена за состојбите во судството во кој што велите дека сеуште не постојат одредби во Република Македонија кои се усогласени со Европската конвенција за гарантирање на независноста на судиите и нивно овозможување за потполно независно и без никакви ограничувања, влијанија, притисоци, потикнувања или забранети мешања од било која страна на директен и индиректен начин. Вие со ова признавате дека до сега и вие сте функционирале на ваков начин. Дека тоа што до сега не сте се потрудиле како институција да обезбедите можност на судовите независно и без притисоци и влијанија да одлучуваат дека де факто сте фактор за негативните оценки кои Република Македонија ги добива во овој сегмент. Иронијата да биде уште поголема, велите дека не постојат одредби кои ќе овозможат судиите да бидат проценувани во однос на нивната професионална кариерав, во однос на нивниот квалитет, чесност, квалификации и ефикасност при работењето. Ова е трагично за Република Македонија и затоа не знам зошто воопшто сте изненадени и кога во Извештајот на Европската комисија и во оценките на меѓународните претставници сеуште судството е една од проблематичните теми за кои добиваме негативни оценки. Едноставно не сте преземале ништо како дел од системот да ги отстраните сите аномалии или во крајна линија она што го пишувате во Извештајот дека судиите работеле под притисок и постојани недозволени мешања од страна, да се анулира и јавно да проговорите за сите оние кои се дрзнале да имаат влијание врз независната судска власт. Во прилог на ова зборуваат и тврдењата на господинот Павле Трајанов како дел од власта,  кој што јавно призна во име на владеачката коалиција дека сеуште не сме се ослободиле од политичко влијание во судството и дека сеуште има партизација во судството.

И, тогаш ако пратеник од владеачкото мнозинство го тврди тоа, ако пратеник од владеачкото мнозинство тврди дека судиите се под силен притисок и стрес, дали некој нема да им забележи за своите постапки и на тој начин да го испровоцира Републичкиот судски совет и преку него неговото менување, го прашувам јавно госпдинот Павле Трајанов, дали како дел од владеачката коалиција ќе бара смена на министерот за правда Михајло Маневски зарди тоа што ова е дел и од неговата одговорност како еден од оние кои што членува по функција во органите кои што дефакто треба да ги регулираат и овие работи. Дали доколку не успее да испровоцира кај своите коалициони партнери ваква одговорност на министерот за правда и на останатите носители на органите насудската власт кои имаат обврска да обезбедат независно судство и непартизирано судство, дали тогаш ќе ја напушти коалицијата на која што и припаѓа денеска.

Мислам дека ваквите излети не можат да се сфатат сериозно доколку нема некакви посериозни  дебати во коалицијата за тоа кој е тој што вршел вакви притисоци, ако веќе тврдите дека вршел и од кои причини кој е тој во владеачката коалиција кој што аминува партизација во судството. Едно е јасно дека претседателот на Републичкиот судски совет во изминатите изјави воопшто не се обидуваќе ни да сокрие дека се бирани партиски кадри за судии. Во неговата изјава дадена за еден медиум вели:"Знаев за нив и гласав". Значи, зборуваме за избрани судии чии роднини се лица од владеачките партии. "Знаев за нив и гласав бидејќи сум убеден дека ќе бидат квалитетни судии". Замислете, ние како држава се доведовме во ситуација да бираме судии само врз основа на тоа што претседателот на Републичкиот судски совет е убеден дека ќе бидат квалитетни судии. Значи не врз основа на нивните квалификации, не врз основа на нивната професионалност, не врз основа  на нивното функционирање, туку само врз основа на убеденоста на претседателот на Републичкиот судски совет. Каква трагедија. Трагедијата да биде уште поголема претседателот на Републичкиот судски совет кој без трунка совест прифати и покрај тоа што ги исполнува условите за пензија да продолжи уште една година од својот мандат, затоа што коалицијата ВМРО ДПМНЕ-ДПА функционираше така и сметаше дека господинот Исени е единствениот тој кој што може да ја спроведе

политиката за комплетна партизација на судството по теркот на ВМРО ДПМНЕ и ДПА. Сега, наеднаш имаме ситуација кога господинот Исени изјавува дека наредната година ќе оди во пензија, што е нормално бидејќи ДПА, неговата политичка партија веќе не е на власт и заради тоа ќе се бори сите судии да одат во пензија на 70 години, за да може накако да влијае и на тој начин да си го пролонгира одењето во пензија. Меѓутоа, сосема е јасно дека таквите изјави или тоа што го направи во изминатиот период на господинот Исени не му обезбедуваат ниту мандат понатаму како обичен судија во некој основен суд , а камоли во некој од повисоките судии.

Она што можевме да го видиме вчера е спасоносното решение за ситуацијата во судството претставено, искажано од министерот за правда Михајло Маневски, а тоа е дека сите проблеми ќе бидат разрешени кога секој судија ќе биде односно ќе добие компјутер. После фијаското Компјутер за секое дете, ќе имаме наредно фијаско Компјутер за секој судија. И, ако мислиме дека на таков начин ќе се решат состојбите во образованието, во судството и итн, многу се лажеме. Среќа имаме што господинот Маневски очигледно не знае скајп како министерот Иво Ивановски да ги прашува децата дали имаат скајп, па дури тогаш ќе се прашуваме што ќе прават судиите, дали ќе одат на скајп или ќе решаваат предмети.

Да заклучам, Републичкиот судски совет без разлика во каков состав не смее да дозволи ваков извештај уште еднаш да достави во Собранието на Република Македонија и треба да си ја понесе комплетната одговорност за тоа.

**Рафис Алити:** Времето ви истече и мисламдека го завршивте вашето мислење. Благодарам на пратеникот Грковска.

За реплика се пријавил пратеник Николоски Александар.

Збор има пратеникот Николоски Александар.

**Александар Николски:** Ви благодарам претседателе.

Би сакал да реагирам само во однос на еден дел од дискусијата на колешката Грковска, а тоа е она што се обидува денеска опозицијата да го наметне како главна тема кога дискутираме, а е поврзано со вчерашната изјава на претседателот на Републичкиот судски совет за можноста за пензионирање на судиите со 70 години.

Сакам да кажам неколку работи кои што сметам дека се значајни.

Првата работа е дека тоа е негова лична изјава и дека не е став на ВМРО ДПМНЕ и би ве замолил да не го користите како став на ВМРО ДПМНЕ односно да не го употребувате како став на ВМРО ДПМНЕ.

Втората работа е дека таков предлог на законот односно такви измени на постојниот закон не се предложени во Собранието и ги нема како такви. Исто така би ве замолил да не се злоупотребуваат.

На крајот ќе го кажам моето лично мислење, сметам дека мое да се разговара и дискутира за секакви предлози како што е и овој предлог, кој што вчера го слушнавме јавно, има примери во светот каде што и со повеќе години, некогаш имаат и доживотен мандат, но сметам дека сите тие дискусии треба да се во рамките на системот односно да се во рамките на дискусиите, кои што се во Собранието или претходно доколку Владата е предлагач, да го предложи Владата. А, се додека немаме таков предлог, воопшто сметам дека немаме простор за дискусија, уште пвеќе што и како на многу други сектори во државата и на судството му е сеуште потребна многу значајна реформа, имајќи ги предвид сите оние баласти кои што ги носи од минатото. Така што, ќе повторам, не би сакал ставови кои што не се официјални, кои што не се влезени во Собранието на Република Македонија како предло на закон, да се гледаат како ставови на ВМРО ДПМНЕ, заради тоа што тие не се ставови на ВМРО ДПМНЕ. Благодарам.

**Рафис Алити:** Контра реплика има пратеникот Грковска Лошкова Славица.

**Славица Грковска Лошкова:** Господине Николоски не знам дали сте свесни за тежината на зборовите што ги кажавте. Она што може да се заклучи од вашето говорење е како тоа претседателот на Републичкиот судски совет се дрзнал да каже став кој што не е став на ВМРО ДПМНЕ. Значи ли тоа дека никој нема право на личен став, значи тоа дека до сега Бекир Исени како претседател на Републичкиот судски совет ги кажувал ставовите на ВМРО ДПМНЕ и за тоа му го продоживте мандатот за уште една година и покрај тоа што ги исполнуваше условите за пензија. А, иронијата да биде поголема се повикувате на процедура во Собранието на официјални предлози која не ја почитувате, кога ќе дојде предлог во Собранието по итна постапка без никаква дебата , без јавна расправа влегува ви собраниска процедура без да почитувате мислења ниту на невладини организации, ниту на експерти, ниту на опозиција и за тоа ќе имате негативни оценки во извештајот на Европската комисија.

**Рафис Алити:** Благодарам на пратеникот Грковска.

За збор е пријавен пратеникот Макрадули Јани.

Збор има пратеникот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** ПОчитуван потпретседателе благодарам.

Секако и јас да се придружам во честититките и посакувањето на успешно водење на седниците од ваша страна.

Мислам дека сега колегата Александар Николски практичНо му кажа она што сите знаеме во Република Македонија, а тоа е замислете претседателот на Судскиот совет кажал нешто, а не го прашал ВМРО ДПМНЕ. Замислете, се дрзнал и кажал нешто што не го пишува во програмата на ВМРО ДПМНЕ. А, каде во програмата на ВМРО ДПМНЕ и по кој закон во

Македонија, господине Николоски. Директор на службата за општи и заеднички работи денеска е назначен за претседател на Управен одбор. Дали по законот за локална чистота, за јавна чистота Ванчо Каргов директорот на Царина е именуван за претседател на Управен одбор на Комунална хигиена во Скопје . По која предродба, проширена, надградена, не знам по која. Горан Трајковски е назначен за претседате на Управен одбор на Водовод и канализација денеска во Скопје. Претседателот на партија ви е во Америка, генералниот секретар ви е во Америка, изгледа вас ураганот ви прошол низ партијата овие три дена. По кој закон ги правите овие работи. По тој закон ВМРО-ски што господинот претседател на Републичкиот судски совет не смее ни да помисли да каже нешто. Која е ситуацијата во Република Македонија, најдобрата слика младите кадри на ВМРО ДПМНЕ се борат за тоа претседателот на Судскиот совет не смее ништо да каже, ама затоа во весниците ќе сретнете натпис "Роднинските врски станаа алфа и омега во судството" или ќе најдете напис "Пропаѓање на судството" "Мандатот на Бекир Исени посилен од законите". Секојдневно , без разлика на кој дневен весник ќе го прочитате, тие се написите. Но , господинот Бекир Исени ви требаше за да ја изберете во Ресен Виолета Крстановска член на Извршен комитет претставник на ВМРО ДПМНЕ во Општинската изборна комисија за судија во Ресен и претставник на Македонски шуми, на Здравствениот дом адвокат нивен. Или ви требаше господинот Бекир Исени примерите за оние што кажаа од ДУИ се точни и тие зборуваат за приватизацијата но, ви требаше Бекир Исени да ја избере мајката на госпоѓа Сусулевска која работи во кабинетот на Зоран Ставрески за судија во Битола. Ви требаше господинот Бекир Исени да ви го избере Ивица Стафановски од Велес, затоа што тој, прашајте го претседателот на Врховниот суд Вангеловски во какви релации е со него. Е, тогаш Бекир Исени ви треба кога ќе ги бирате судиите или кога на Иво Котевски сопругата треба да ја направите судија, ама кога човекот дава предлог дека судиите со 70 години се доволно паметни, тогаш тој замислете треба да се стави на ломача бидејќи тоа не го пишува во програмата на ВМРО ДПМНЕ или не и го кажува скапо платениот советник Моника Маковеј на премиерот Груевски. Затоа дојдовме на тоа дереџе никој ништо да не знае што се случува во судството. Затоа дојдовме на дереџе, јас се сложувам можеби за прв пат со госпоѓа Благородна Дулиќ во ова Собрание во овие две и пол години. Јас најмногу сакам да зборувам за судството овде, најмногу сакам за судството и состојбата и ќе ви дадам три примери. Дали знаете дека без знаење на судијата, полицијата доаѓа кај пратеник со имунитет во недела попладне видно да ги видам комшиите, да донеса покана за рочиште на еден пратеник со имунитет. Без да знае судијата и без за тоа да покрене постпака, ама тој се вика Здравев , што е една интересна страна кој што може да му нареди на Министерство за внатрешни работи и да и нареди на Гордана Јанкуловска тоа да го направи. Јас најмногу сакам да зборувам за судството, затоа што потпретседателот од Основниот суд не знаеќе кога се уапси Зоран Заев дека надвор има 150 со автомати вооржени луѓе, полицајци кои стоеја пред 1000, 2000 невооружени граѓани кои изразуваа мирен протест. Со автомати седеа и не знаеа дека односно таа не знаеше дека во нејзиниот двор има такви луѓе. Или сакате за судството да ви зборувам за одлука една судика која вели дека Комисијата во рамките на министерството е независно тело и за тоа не мора да го извести министерот. На господинот Заев се обидивте да му наметнете процес и врз база на одлука на Комисија што ја потпишал еве го истото оваа судика го ослободува Миле Јанакиески затоа што вика Комисијата во рамки на министерството е независно тело. Или како што вели во одлуката господинот МИле Јанакиески, министерот дознал од веб страната на кого корумпирано му го дал земјиштето. Јас најмногу сакам да зборувам за судството и можеме да зборуваме 10 дена.

Кога се носеа судските реформи во Република Македонија, тогаш во Собранието ВМРО ДПМНЕ не ги подржа реформите. Цела Европа ги подржа, сите политички партии ги подржаа освен ВМРО ДПМНЕ. На 29 мај 2005 година ВМРО ДПМНЕ напиша и на веб страницата го има ова, како гледа на судските реформи во Република Македонија и зошто не ги прифаќа. не знам кој учествувал тогаш како експерт бидејќи потпишани се експерти. Мислењето дека со доверувањето на изборот на судиите на Советот, се мисли на Судскиот совет, ќе ги елиминира политичките влијанија при сегашниот избор на судии во Собранието е голема заблуда. Напротив, политичко партиските влијанија токму во Советот ќе се зголемат повеќратно. Си кажаа во 2005 година што ќе прават. ВМРО ДПМНЕ си се залагаше за ова и тоа го направи, парче направи. Не можете да одберете, еве ви го службенито весник и покажете ми едно име кој не е родина со некој од ВМРО ДПМНЕ . покажете едно име кој не е од ВМРО ДПМНЕ. Заради таквите работи што ги дофрлувате и што ве спасија некои од нив слични, Европа бараше Република Македонија да донесе реформи, Собранието да го тргне, само ВМРО ДПМНЕ се залагаше за партизација и тоа е доказ, се уште го имате на вашата веб страница. Го тргнаа по барање на Европа, по барање на експертите, ама за жал се отиде во Советот и таму се бираат само роднини. И, после да не се чудиме зошто имаме и полтички монтирани процеси и зошто роднинските врски станаа алфа и омега во судството ќе прочитате во сите медиуми. Затоа што немате службен весник во кој што кои даваат заклетва да не се роднини со некој од ВМРО ДПМНЕ. Бирате судија, тогаш господинот Бекир Исени ви требаше кога на бившиот кандидат за градоначалник на Битола и активист на ВМРО ДПМНЕ Ацо ДЕлов, братучетката треба претседател на Апелација во

Битола. Тогаш Бекир Исени ви е добар , ама сега пошто не е односно кажал нешто со годините што ураганот наречен преродба проширена и надградена не го прифаќа, сега него треба политичКи да му отиде главата. И пошто ВМРО ДПМНЕ нема храброст и тоа не го направи никогаш, како што нема храброст за многу работи во животот да каже, освен Милошоски сега што кажа дека нема да го реши спорот 4 години, да каже не сакаме тој да биде , ќе го промениме. Затоа, не ви требаат други политички партии, да видиме ВМРО ДПМНЕ што вели. ВМРО ДПМНЕ нека каже, ние сакаме ова и ова да се случи, ама за жал тоа не можеме да го чуеме. Ни требаат луѓето, да ги исцедиме, да ги искористиме, господинот Бекир Исени да ви избере сите луѓе, роднини, активисти и оние што ја завршувале својата работа, ама сега кога ја заврши таа работа стандардно како што го прави тоа ВМРО ДПМНЕ со многу други политички партии ќе ги остави на маргините на политичКиот живот. Затоа господинот Маневски пошто мисли дека е заштитен ќе каже дека мандатот на претседателот е посилен од исполнетите законски услови за пензионирањето, кога самите судии кои не одговараат на никого нема да ги почитуваат законите, што останува со граѓаните и како тие да имаат сигурност во оваа држава, а да не зборувам за странските инвеститори да имаат сигурност во законите и одлуките што се носат во нашата држава. Затоа го повикувам ВМРО ДПМНЕ да собере храброст и да каже кои му се плановите со Судскиот совет и како мисли да ги спроведува судските во Република Македонија.

**Рафис Алити**: Му благодарам на пратеникот Јани.

За реплика се јавија пратениците.

Бидејќи во меѓувреме се пријави претседателот на Судскиот совет на Република Македонија господинот Бекир Исени, му даваме збор повелете.

**Бекир Исеини:** Господине потпретседателе, уважени пратеници и други присутни, сите ве поздравувам.

Без оглед дали е тоа реплика или збор јас сакам да дадам неколку одговори за некои прашања кои уважените пратеници ги упатија. Немојте да ми замерите доколку одговарам, затоа што имињата не сум ги пишувал, само на некои на кои треба да одговорам.

Прво, судбина на овој Судски совет се да касни. Каснеше со изборот, па една година работеше со 10 членови, што е предмет на извештајот за 2007 година. Должен сум, осеќам за потребно да се заблагодарам на некои лични навреди и тоа е во системот на демократијата. Денеска расправате само за извештајот за 2007 година, а не и за 2008 година. Овде слушав најмногу дискусии за 2008 година, затоа што 2007 година има само помалку од 10 месеци работа поради тоа што Судскиот совет е конституиран на крајот на јануари, ако ги земете и годишните одмори останува толку.

Во дискусиите помеѓу партиите што ги имате јас не навлегувам, ниту некој може да ме вовлече во тоа затоа што јас сум претставник и претседател на Судскиот совет.

Колку е политизира Судскиот совет барем за вас е многу јасно, многу фино е познато дека Судскиот совет е составен од 15 члена од кои 8 судии се избрани директно од судиите, 5 од Собранието, учествува и министерот за правда и претседателот на Врховниот суд, а министерот за правда знаете чии претставник е, и тие 5 члена кои се во Судскиот совет знаете од каде доаѓаат и како се предлагаат. Тоа е по однос на политизацијата на судството, но сепак Судскиот совет има 8 судии избрани директно од судиите. Еден од нив, и јас сум избран директно од судиите.

Многу врева се крена околу мојата изјава зошто барам судиите на Врховниот суд, а ги заборавивте и професорите на универзитетите предлагам да биде 70 години. И натаму не гледам некое зло, не гледам некое место за расправа околу тоа, затоа што имаме доста примери во светот и тоа така треба да биде. Вие сте законодавен дом, вие тоа треба да го донесете. Наместо да кажете благодариме што го отвори ова прашање сега ме обвинувате зошто сум го отворил. Тоа на некој собир, на некоја округла маса повелете ќе го доразработиме, ќе го продискутираме и ќе најдеме во сила аргументи кои се тие. Јас во оваа прилика навистина не сакам да се впуштам понатаму, но сум на такво мислење.

Ова што лично сум прозван не би сакал да се впуштам во тоа, затоа што тоа не ми е својствено, најмногу околу мојот мандат, моите години. Моите години се мои години, не сум ги криел никогаш, ниту фарбам коса. Еве како што ме гледате таков сум, но на работа сум шкрт. Колку сум работел има извештај за тоа. Не давам некој да мисли за тоа, но требаше барем да кажете дека за ова е донесена законска одлука која беше на оценка и пред Уставниот суд. Дозволете, Уставниот суд кажа и сега ако и тоа не го почитувате јас не можам да ве убедувам понатаму.

По однос на непотизмот дали има при изборот или нема.

Господо пратеници,

Во вашиот, условно велам во вашиот, закон во членот 43 се зборува кој може односно кој не може да биде судија. Во исти суд не може да биде судија тој што има друг судија во права линија или бочна линија до трет степен. Изменете го законот ние ќе го спроведеме. Кажете да се предвиди доколку е член докажан на некој не може да го избереме ние тоа ќе го спроведеме. Сега засега она толкување на тој член значи дека и претседател на некоја партија може да биде судија, а од добивање на својство на судија не може да се занимава со политиката и да биде член на некоја политичка партија. Тоа е многу јасно. Вие сега ми спомнувате дека тој со некој е во сродство, а немаме такво сродство, тој е во

некоја партија што предвидуваме дека може да биде член на некој суд итн. Дали мислите навистина дека при изборот има 11 затоа што сите судии се избрани со 11 или 15 гласа односно членови на Судскиот совет. Дали Судскиот совет припаѓа на една партија.

Натаму, разрешени се судии па велите по која партиска основа. Дозволете и тоа е по тој критериум. Се разрешува со исти број, а уште поголема гаранција е затоа што 9 судии учествуваат во жалбена постапка. Тие решенија се потврдени од страна на судот и тоа три судии од Врховен суд, по еден од апелационите судови и двајца од судот од кој доаѓа судијата. Јас мислам дека е тоа доволно гаранција за избор и разрешување на судиите.

Некња ви изјавив и сега ви изјавувам дека судството не е проблем за интеграциони процеси. Точно да беше, сега не е, а не е затоа што од Мисијата за оценување од 10 до 14 март беа во судот, извршија контрола, јас жалам што не ви е поделен најверојатно материјалот, но тоа не е мој материјал и јас не сум должен да доставувам до пратениците вакви материјали. Во ова дословно стои еден, ќе ми дозволите, не сакам да ве замарам, еден цитат по однос на независноста на судството, но потенцирам затоа што апсолутна надлежност на Судскиот совет е независноста на судството. Ажурноста, ефикасноста е надлежност на Врховниот суд. Опремата, зградите е на Влада односно на Министерството за правда. Кога ќе ги разделиме нив треба да дискутираме за она што е надлежност на Судскиот совет. Тука стои "што треба да се смета за крајно позитивно, дури треба да претставува модел што го следат соседните земји ...", нашиот модел што го сработивме досега во однос на независноста на судството. Зарем вие не треба да се радувате на ваква оценка што е дадена. Сигурно би се радувале, но јас верувам дека не ви е доставено до вас. Нека ви го достават службите. Ние тоа сме го разгледале, биле тие на контрола не само на Судскиот совет, тоа беше центар на контрола за сите акти.

За тоа време од десет и нешто месеци ние ги донесовме сите правилници.

По однос на Правилникот за оценка на судиите кој е донесен оваа година, на тој Правилник се работеше повеќе од една година и тоа со сите судии. Беше вклучена активно и ОБСЕ и Здружението на судиите. Сега ги донесовме и формуларите што треба да бидат пополнети. Зошто траеше толку? Затоа што ниедна земја во Европа нема ваков правилник. Ние сме први што донесовме но и ќе го спроведеме тој правилник, со пополнување на тие формулари и ќе дојдеме до заклучок кој ќе биде избран за судија, кој ќе биде унапреден за судија. Затоа повелете вие како пратеници дојдете во нашата архива видете ги списите, гледајте ги сите материјали па да се убедите дека тоа не е ниту партиско, ниту фамилијарно. Дали тоа се поклопува со некој што е мајка, не сакам да спомнувам имиња, Љубинка нека ми опрости, што е лошо во тоа. Таа е истакната како добар правник, млада и доаѓа до избор. Јас не би знаел што друго треба да се одговори на ова, но ве молам за тие меѓупартиски, навистина не. Тие нека останат ваша работа, тоа е ваша работа, не е моја работа, кој знае можеби некогаш ќе се занимавам и со тоа, иако денес некој мисли дека не можам да бидат судија на основен суд. Па, ете случајно сум дошол со учество на сите партии порано и еднопартискиот систем.

По однос на тоа дека во јавните написи се пишува за употребата на јазиците, да, употребата на јазиците е работа на Управниот инспекторат. Нека види таму дали се истакнати тие натписи или не, тоа не е наша работа и не вршиме таква контрола. За тоа си има инспекторат нека ги гледа тие дали се ставени или не се ставени.

Јас не сакам да ви одземам многу време и се извинувам што на почетокот не се јавив за дискусија, имам и напишан материјал, но добро направив што прво слушнав што мислите за нас, па да си го кажеме своето. Инаку, материјалот е доставен и јас во воведното излагање сигурно ќе го кажев она што е кажано во материјалот кој ви е доставен.

Дали има грешки материјалот, дали е премногу оптоварен со цитати се согласувам, и на комисиите кажав дека тоа не требаше, требаше да биде пократок материјал. Ние денеска се впуштивме во она што е 2008, што ќе имаме прилика на крајот на оваа година да расправаме за тој извештај и да видиме каков ќе биде. Дај Боже да биде подобар од овој.

Благодарам за вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Со оглед на тоа што има пријавено поголем број на пратеници за реплика, но исто така информиран сум дека на говорот на господинот Јани Макрадули има реплика и тоа Цветко Грозданов, Александар Николоски и госпоѓа Анета Стефаноска. Другите се пријавени за реплика на говорот на претседателот на Судскиот совет.

Благородна Дулиќ исто така е пријавена за реплика на говорот на Јани Макрадули.

Јас обично практикувам со репликите да завршиме веднаш по говорот, а потоа да одиме на друг, без оглед дали е предлагач министер или некој друг, затоа што се губи смислата на репликата.

Но сега ситуацијата е таква каква што е, па да завршиме прво со репликата на говорот на господин Јани Макрадули, па ќе продолжиме со репликите на говорот на претседателот на Судскиот совет, Бекир Исеини.

Прв за реплика е пријавен господинот Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас ќе се навратам малку поодамна и ќе го запрашам господинот Макрадули дали навистина е со кратко паметење или толку му чини.

Господине Макрадули во 1996 година, ако добро се сеќаваме, затоа што ние сме малку

повозрасни, тоа можете да го зборувате само пред младината на СДСМ и можеби ќе ви верува на тие лаги што ги кажавте. Се сеќавате ли на општинските комитети на СДСМ кои правеа листи на кои што ги означуваа кои се подобни а кои неподобни за да бидат судии во општинските судови.

Заборавивте ли на ставот на судството дека сите оние млади судии поточно, се извинувам, правници кои што завршиле, дипломирале а немаат работно искуство и не работат да бидат ангажирани како поротници.

Се сеќавате ли дека и тогаш баравте за поротници да имаат членска книшка на СДСМ.

Господине Макрадули заборавивте ли 2007 година кога Цветко Грозданов оттука ви укажуваше дека во судот во Охрид вршите притисоци за избор на судии во Републичкиот судски совет и дека се означуваат ливчињата со одредени интерпункциски знаци. Тоа го имате во стенографските белешки и можете да го побарате и да го видите.

А сега би се навратил на она што вие го кажувате.

Господине Макрадули срамота е да зборувате барем вие за партизација на судството, затоа што 90% од судиите, поточно во судството ги стававте вие, социјалдемократите и токму вака како што кажа 1996 година баравте да бидат подобни и да бидат членови на СДСМ.

Господинот Бекир Исеини ви требаше и вам господине Макрадули при изборот на одредени личности во Републичкиот судски совет кога требаше да се гласа и немојте да префрлате само дека ни бил потребен нам, но ви бил потребен и вам.

За она што го кажувате околу партијата на ВМРО-ДПМНЕ немојте да се секирате кај нас е се во ред за разлика од кај вас кога за вд претседател го избравте господинот Заев. Се тргнаа маските зошто била аболицијата и кој прв скокна со раширени раце. Мислам дека тука сте кумови со госпоѓата Шекеринска и можеше точно да ви каже од нејзината изненаденост како господинот Заев прифати да биде вд претседател на СДСМ.

На само неколку недели пред изборите во 2008 година јас кажав дека имате преодно решение за повратокот на господинот Бранко Црвенковски. Можеби некое место во месните комитети на ВМРО-ДПМНЕ е испразнето, па ќе ви го понудиме вам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика е пријавен господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Ако сакаме да се сеќаваме веројатно ќе се сетиме на една реченица од еден познат колумнист и професор на Правниот факултет кој што за господинот Маневски вели: "Тука челична тупаница на власта е една борнирана комуњарска фигура на фронтмени министер кој во комунизмот беше познат како единствен министер за правда, во бившата СФРЈ и СРМ кој формално го стави судството како точка за идеолошка диференцијација на седници на ЦК СКМ.

Нормално главен проблем е што оваа фигурина нема поим каде го води судството".

Затоа господине Грозданов имате министер за правда од ВМРО-ДПМНЕ прашајте го за се што во комунизмот правел, не ги прашувајте децата од СДСМ. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика е пријавен господин Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Јас сакам да се осврнам само на еден дел од дискусијата. Имено многу е интересно како сите претходни дискутанти од СДСМ, до мојата реплика на колешката Грковска Славица, говореа за тоа дека ставот искажан вчера, практично е сценарио на ВМРО-ДПМНЕ, да се продолжи политизацијата на судството, да се продолжат мандатите на луѓето кои наводно ни одговараат за да го партизираме судството итн, и откако јас тоа го демантирав, Грковска и Макрадули во нивните говори да комплетно ја превртат дискусијата и да кажат, еве ние сега сме забранувале на претседателот на Судскиот совет да изкаже свое мислење.

Поентата на дискусијата ми е дека со мојата реплика претходно, практично се побија сите овие ставови што претходно ги кажуваа и тоа го направи сам СДСМ преку последните двајца говорници и само сакав тоа со задоволство да го констатирам. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Веројатно тоа да се испере господинот Николовски откако господинот Груевски се врати од конвенцијата проследена со ураганот, кога се појави делегацијата на ВМРО-ДПМНЕ таму. Само да дообјаснам.

Зборуваме за Судскиот совет кој, судијата кој го ослободи Орце Камчев од даночната приамида, стана претседател на Управен суд. Зборувам за судиката која го ослободи Красничи, стана судија на Апелационен суд. Зборуваме за судиката, откако ја осуди Петра Митева стана судија на Апелационен суд. За тоа зборуваме господине Николовски. Вас не може да ве исперат уште сто реплики и контрареплики. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Има реплика госпоѓа Анета Стефановска, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам претседателе.

Изненадена од речникот и настапот на господинот Макрадули кој сега е на функцијата потпретседател и претставник од СДСМ на Собранието на Република Македонија.

Решив да реплицирам бидејќи овде, и сакам да го потсетам дека овде не е ни театар, ни цирукус, па да изиграва некаков си актер. И вчерашната и

денешната негова дискусија наликуваше на актер во театар и церкус, бидејќи кажува паушалн разговори и воопшто не даде аргументи и факти, посебно кога кажува дека на Апелационен суд во Битола била избрана Даница Ристевска која била роднина на Ацо Делов. Па и вие имате роднини во Битола. Ацо Делов не е ни на функција, не е ниту член на ВМРО-ДПМНЕ. Никаква врска нема што Ацо Делов и бил братучед на Даница Ристевска. Даница Ристевска си ја избра Републичкиот судски совет бидејќи таа е квалитетна. Најдобро е вие да кажете за разрешениот Кице Јузевски и што понатаму ќе произлезе од неговото работење. Срамно е тука да се обраќате пред цела јавност. Јас се јавив тука да ви реплицирам заради јавноста, бидејќи како потпретседател на Собранието може да замислат граѓаните со каква личност и претставник како потпретседател на СДСМ, би имале работа кога вие би дошле на власт.

Инаку, да ве потсетам дека вашата дискусија немаше никаква врска со точката што е на дневен ред. Тука ние имаме точка извештај за работата на Судскиот совет. Значи не беше на дневен ред ниту Даница Ристевска ниту другите имиња што ги посочивте, па Ацо Делов ич.

Значи, ви препорачувам, заради вашиот авторитет и заради авторитетот со кој ја претставувате вашата партија малку да ги подобрите вашите однесувања и вашите дикусии посебно овие два дена што дискутирате. Мене ми е срам што ве слушам, искрено ви кажувам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика е јавен господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Колку се забавуваше пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, како се смееше дури зборуваше колешката Ставановска, тоа ми дава за право да се откажам за контрарепликата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За реплика е пријавена госпоѓа Благородна Дулиќ, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Не знам сега дали и јас ќе ги изнасмејам колегите. Работава е, на времето се велеше прст да им покажеш они ќе се скинат од смеење. Според тоа нека продолжат да се смеат, јас се откажувам од репликата.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Мислам дека зборуваме за една апсолутно пресериозна тема и обидот на колешката Стефановска да се приближи до глумечките способности на нејзиниот градоначалник, очигледно беа неуспешни. Но, сакам да ја вратам работава, бидејќи е навистина пресериозно.

Апсолутно зборуваме за едни состојби во судството, што не загрижуваат. Значи, имаме избран судија со пет години мандат, само како правник, која е сопруга на портпаролот на Министерството за внатрешни работи, кој апсењето на господиниот Заев го најави со СМС пораки. Тоа не се има случено во сите земји кои што ги следите, со експропријацијата: Венецуела, Куба и Боливија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Со ова завршивме со репликите на говорот на пратеникот Јани Макрадули.

Сега да почнеме со репликите на говорот на претседателот на Судскиот совет, Бекир Хисени.

Процедурално за збор се јави господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Мојата процедурална забелешка е до вас, бидејќи согласно Деловникот вие како претседател треба да се грижите за редот, дисциплината и да го чувате дигнитетот на Собранието.

Сметам дека репликите на колешките од позицијата не одеа во насока на зачувување на дигнитетот на Собранието и треба да ги прекинувате, пред се затоа што навредуваа одредени пратеници и Парламентот го споредуваа со циркус. Ако некој си ја сфаќа работата дека овде се наоѓа во циркус, тоа треба да му служи на чест. Граѓаните веројатно ќе ценат кој ќе излезе пред нив да ја бара довербата. Можеби нас ни е интересно, но сепак темата за која дискутираме е многу сериозна. Овде беа кажани сериозни аргументи во однос на извештајот на Републичкиот судски совет и како претседател апелирам да го чувате дигнитетот на Собранието и пред се угледот на пратениците. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас, но не гледам што јас сторив со некое мое дејствие за да можам да бидам буквално во таа смисла сватен и од ваша страна да има процедурални забелешки. Секој од пратениците си кажуваше во однос на одредени зборови како циркус, долго време беше експлоатирано и имаше и смеење и од едни пратеници и од други. Но, да продолжиме со работа.

На говорот на претседателот на Судскиот совет Бекир Исени, прв за реплика се има јавено господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Во три минути да констатирам дека дури по провокациите и отворените прашања на опозицијата, претседателот на Судскиот совет реши да излезе и да проговори. Јас очекував одговори на тие прашања, а не хронолошки објаснувања на тоа што се случувало во Судскиот совет во изминатите години, или конкретно во 2007 година.

Ако сакаме стриктно да бидеме врзани за 2007 година, претседателот Бекир Исени требаше да каже зошто дозволи, заедно со неговиот партнер во правењето на партиски ршум отсуството, а тоа е Михајло Маневски, Судскиот совет да не биде комплетиран. Треба тука да стои констатација дека токму владеачкото монозинство на чело со

ВМРО-ДПМНЕ ги одбиваше предлозите за комплетирање на Судскиот совет.

Факт број два.

Господине Исени, многу отворено ќе ве прашам, ама да го кажете тоа во контрарепликата.

Кога требаше да се бира судија на Врховен суд кога еден од кандидатите беше поранешната судика на судот за човековит право во Стразбур, како гласавте вие. Кога ќе ми го дадете одговорот на тоа прашање, многу едноставно, за или против ќе го добиете одговорот зошто во овој изминат период Судскиот совет наместо да спречува, партизира. Наместо да контролира, тој прави директен притисок за партизација и независност и ќе го добиеме одговорот зошто судството во овој момент ни е вакво.

И во дискусијата реков, во моментот Судскиот совет е замена за партиските влијанија дотогашни, во одредени сфери во судството. Вие таму или се договарате на лична основа, па си правите пазар, ќе ти гласам еден, ама ти ќе ми вратиш после.

Втората линија на договарање ви е партиската наредба и декрет и ќе дојде Михајло Маневски и ќе рече овие се на листата, ќе ги гласате сите. Затоа сте едногласни, немате проблем.

Критериум број три е како вие некого да разрешите. Тоа што вие ќе кажете дека за една година 150 и повеќе судии се избрани, покажува дека вие сте направиле таков ршум, врз база на овие три критериуми, па дури се фалите, што е надвор од целиот памет.

На крајот, јас знам дека главниот креатор во целата оваа работа е Михајло Маневски и знам дека тој е реликвија на поранешниот систем. Ви го оставивме во наследство, како што Ивица Боцевски го оставивме во наследство, па сега гледам го користите, со среќа нека ви е. Така и Михајло Маневски како докажан комунистички, истакнат со залуги за народ и за партија, активист. Сега во овој момент стекнатите знаења од системот до 1990 година ги аплицира во надградената и проширена портокалова сегашност, за жал, на Република Македонија.

Го повикувам претседател на Судскиот совет да ми каже како гласше при изборот на судија на Врховен суд. Ништо повеќе.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се пријави претседателот на Судскиот совет господинот Бекир Исени, повелете.

**Бекир Исени:** Прво да ви кажам за изборот на членовите, зошто сме дозволиле Судскиот совет да работи со десет члена, а да не бидат избрани уште петте члена. Толку ми е чудно. Што вие не ги избравте. Ние баравме од сите институции помош за да ги бирате, баравме помош и од странците, но не се избраа. Ние не ги бираме тие членови. Ние бираме членови на Судскиот совет од редовите на судии, што сега веднаш поднесовме и барање за разгледување. Како сум гласал, е прво притисок врз мене и судството и друго зошто не сме гласале за неа. Тоа е невиден притисок зошто не гласаме.

Ќе гласаме по ваша желба, која ќе сакате вие.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Според редоследот следен за реплика е пријавен Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Сега кога се измеша ова со репликата, мислам дека се изгуби можеби смислата. Но, би сакал да реплицирам во еден дел на господиниот Бекир Исени, претседателот на Судскиот совет, а тоа е дека, практично господинот Исени ги кажа сите оние работи што го мачат, судството, а што не се спомнати во извештајот. И тоа што господинот Ивановски сега го кажа, мислам дека еден сериозен извештај мора да има, барем како реченица, дека парламентарното мнозинство меѓу 2006 и 2008 година, не собра сила да гласа за дополнување на членовите односно на составот на Судскиот совет. Откако стана повеќе од очигледно дека и судството е сериозен НАТО и Европски критериум за напредокотна Република Македонија, дури тогаш се реши да се изберат предлозите. Мислам дека е пософдветен или поквалитетен дел требаше да има и овој извештај. Од друга страна за жал, зборуваме повеќе за 2008 година, затоа што секојдневни се настаните овие денови каде претседателот на Судскиот совет е во дисхармонија со она што го зборува Владата, но од друга страна граѓаните се загрижени во кој правец одат овие реформи, знаејќи дека реформите во судството се сериозен критериум и се под сериозен мониторинг за напредокот на Македонија. За жал, Судскиот совет требаше да биде центар на судката влас и брана на судстовот од извршната власт. Судскиот совет требаше да биде тој кој ќе му каже јасно не, или ќе ја подигне рачната на активностите на министерот за правда и ќе каже јасно, не на одлуките на Владата. Се додека, господине Исени, вие бирате од една страна судија кој има само пет годишно искуство како адвокад без ден во судството, а отпаѓа судија со десет годишно искуство, тогаш немате аргументи или не се чудете зошто во сите електронски и печатени медиуми насловите се, роднинските врски станаа алфа и омега за судството или партизација на судството. Затоа, као тргнале работите и по заложбите на ВМРО-ДПМНЕ, ќе зборувме со вас за 2008 година сега, бидејќи за извештајот за 2008 ќе биде очигледно некој друг претседател.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господиниот Бекир Исени, повелете.

**Бекри Исени:** Прво да одговорам за првото.

Да, и идната година јас ќе бидам тука и ќе поднесам извештај.

По однос на тоа дали во извештајот сме кажале во однос на неизбраните членови, читајте страна 2 и 3.

Понатаму, што одите на тоа дека вам ви треба или нам ни треба Бекир Исени, ве молам

претседателе, јас никому не му служам освен на судстската власт. Јас овде сум претставник на судската власт, а не на ваши меѓусебни партиски игри.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам претседателе.

Внимателно ги слушав репликите и говорот на претседателот на Судскиот совет и жалам што претседателот излегува од контрола и со една голема нервоза им се обраќа на народните избраници и граѓаните на Република Македонија.

Ова лице треба да знае дека нас 120 пратеници не избраа народот и не може тој да ни држи лекции како дас се бираат членовите на Судскиот совет и за каков извештај треба да расправаме. Треба и од ваша страна да му се укаже дека ние со ништо не сме го обвиниле претседателот на Судскиот совет иако имаме многу аргументи да го направиме тоа. Тој треба да биде човек кој треба да ја прифати и признае реалноста. Говори за работи што ги направил во 2007 година и ни вели зошто дебатиравте за 2008 година.

Како можам јас да му верувам на извештајот до 2007 година, знаејќи што се случило во 2008 година. Говореше за деполитизација на Судскиот совет на Република Македонија. Јас му кажав со име и презиме за партиски приврзаници кои ги има избрано односно назначени во судот во Тетово. Аргументи и против аргументи не ми даде во однос на ова прашање. Ни кажува за извештајот за 2007 година. Колку беше позитивен Извештајот за 2007 година.

Каков ќе биде извештајот за 2008 година, во правец на управувањето на Судскиот совет на Република Македонија. Се постави прашањето каков Ивештај ќе имаме во таа насока. Вие рековте дека не зависи многу извештајот на Европската унија и на разни европски институции од работата на судовите и за Судскиот совет. Вие имате грешка овде и мислам дека треба да се исправите пред јавно да се произнесете во Собранието, бидејќи ова Собрание ве има избрано вас и треба да бидете подостоинствени во насока на тоа да го браните достоинството на пратениците во овој Парламент. Еве два пати се спомнува за партиски приврзаници кои ги бранеа гласовите во ДИК кога тие беа избрани за судии, бидејќи листата на можни кандидати за судии беше поголема. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика е пријавен господин Беќир Исени, повелете.

**Беќир Исени:** Јас жалам што господинот пратеник не знае дека јас не сум избран од ова Собрание. Таму потенцирав од кого сум избран и како ја носам оваа функција.

Во однос на изборите и натаму ќе одиме според наши критериуми утврдени со закон.

Уште еднаш да повторам, повелете изменете го законот, ние ќе го спроведеме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Добро е што господинот претседател на Судскиот совет по нашето повикување не удостои и се јави на говорница да образложи, барем дел од она што е напишано, инаку, според мене, не одговори на ниту едно поставено прашање, барем оние прашања кои јас ги поставив во мојата дебата околу овој извештај на Судскиот совет.

Прво, не добивме одговор како претседателот доби гратис мандат.

Второ, не добивме одговор на прашањето како ќе реагира претседателот доколку половина од судиите кои се стекнуваат со право на старосна пензија побараат да го користат правото кое што тој го искористи, не знам по кој закон.

Не одговори дали има или нема политички влијанија во Судскиот совет.

Не одговори кои се слабостите затоа што нема совршени решенија, дури една година постапуваме, ги имплементираме овие законски решенија во реформите во судството.

Не одговори кои се слабостите во решенијата со кои се нарушува независноста на судството и судскиот совет и што треба да преземеме како Собрание во таа насока.

Не одговори што прави околу кршењето на основното право, на основното начело пресумпцијата на невиност, што презема против тие судии или дали се согласува со ваквиот начин на постапување на органите.

Околу изборот на судиите секако дека е политички затоа што ние дадовме конкретни примери, не кажавме само по име, туку кажавме дека ако по еден конкурс, оглас за судија на Врховен суд конкурирала и госпоѓата Цаца која има меѓународно искуство, а не е избрана, што е освен политички притисок да не се избере. Таа конкурирала за Врховен судија а не за Уставен суд. Кога ќе биде кандидат тогаш ќе разговараме.

Дали има објективни критериуми за избор ако се избираат за судии стручни соработници со по една година работно искуство, а отпаѓаат од игра оние со долгогодишно искуство и дали не е политичка игра или политички притисок или пресметка самото повлекување на госпоѓата Родна Живкова од трката односно од су дија на Врховен суд после нејзиниот избор се со една цел можеби и благодарм на потегот што го направи, докажа на целокупната јавност дека овде нешто не е во ред во Судскиот совет и дека има мешање на политиката во работата на Судскиот совет.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика е пријавен господинот Беќир Исени, повелете.

**Беќир Исени:** Видете, некои прашања што се поставени заслужуваат посебно внимание, но поради времето јас не можам да ги одговорам.

Дали нешто треба да се стори од ваша страна како законодавен дом за унапредување на реформите, секако да, но кратко не можам да кажам што.

Дали за независноста треба да се презема нешто? Да. Но, не можам кратко да одговорам, за тоа би требало дебата.

Во однос на прашањето за мојот мандат, јас кажав од говорницата.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Славица Грковска Лошкова.

**Славица Грковска Лошкова:** Господине Исени вие во своето обраќање искажавте дека главен хендикеп во функционирањето на Републичкиот судски совет за 2007 година е тоа што сте работеле со 10 члена. Меѓутоа, од Извештајот и од вашето излагање не може да се заклучи дека тоа вас ве спречило главната активност на Судскиот совет за 2007 година да ставите на избор и разрешување на судии и претседатели на судови. Тоа не било хендикеп за вас 10-те да се фокусирате на ваква активност наместо да се фокусирате на целата лепеза активности кои, како надлежност ја имате, согласно законот.

Вие не одговоривте на обвинувањата на пратеници од власта дека имаме и ќе имаме партизација на судството и дека судиите се под силен притисок и стрес дали одлуката што ќе ја донесат нема да го предизвика некој да им замери и да ги смени преку Републичкиот судски совет и со ова пратеник од власта потврди дека Републичкиот судски совет е продолжена рака на владеачката гарнитура ВМРО ДПМНЕ - ДПА.

Вие потврдивте дека изборот го правите по ваши критериуми и јас ви верувам. Заради тоа што во вашата изјава велите дека изборот на судии чии роднини се лица од владеачките партии сте го направиле и покрај тоа што сте знаеле дека е така, бидејќи сте убедени дека ќе бидат квалитетни судии. Дали значи дека судија кој бил во Европскиот суд за човекови права не сте убедени дека ќе биде квалитетен судија? По вашите критериуми? Дали можете да кажете дека сите судии кои до сега се избрале, за кои имаме список објавен во Службен весник и сите информации што ги кажуваат во медиумите дека сите до еден се во некаква релација со лица од владеачката гарнитура, токму сите тие по вашите критериуми имаат право да бидат избрани и ги исполнуваат условите за избор на судии.

Јас разбирам да се случи со 2, 3, со неколку души, меѓутоа, да имате избор на судии чисто врз партиска листа, тогаш вие сте тој што треба да ја понесете одговорноста и што треба јавно да кажете дали сте го направиле тоа по ваша волја или врз вас е извршен директен притисок од некој од власта да направите таков избор на судии. Ако е така, да кажете јавно кој е за тоа што очигледно ја немате поддршката од владеачката гарнитура.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика е пријавен господинот Бекир Исени, повелете.

**Беќир Исени:** Сакам да имам поддршка од владеачката коалиција, ниту од опозицијата затоа што Судскиот совет е самостоен орган и ќе одлучува по свои критериуми, а само ќе ги почитува законите што ги донесувате.

Во однос на тоа дале е некој роднина со некого, не смее да се врши дискриминација ако има вработен од некаде. Би било добро да најдете за сите судии дали имаат врски и дали имаат роднини. Верувам дека тие од дрво не се паднати. Нема притисок од никого.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Би сакала сосема на кратко да му реплицирам на почитуваниот претседател. Јас би сакала во насока на она што тој го кажа и во насока на она што го има во Извештајот.

Имено, вели дека во текот на извештајната година интензитетот на прилив на претставки од страна на граѓаните, на институциите покажуваат на незаконито работење на судиите и судовите во Република Македонија е за 100% поголем односно ако подолу ги видиме бројките ќе видиме дека не е за 100%, туку е двојно повеќе.

Имено, во 2006 година има 989 претставки, а 2007 година 2193 претставки и тоа го толкувате само како резултат на јакнење на довербата на физичките и правните лица во Судскиот совет. Дали неразмислувате дека можеби се зголемил степенот на незаконското работење, мислам дека во таа насока ќе треба малку повеќе внимание да посветите.

Уште една работа, почитуван претседателе, кажавте односно се пофаливте единствено со еден извештај на Меѓународната заедница каде меѓу другото како позитивно се оценуваат реформите во правосудството, во правосудниот систем, впрочем вие ни државте лекција како е избран судскиот совет според новите амандмани. Меѓутоа, јас сакам да потсетам дека уставните амандмани и вистинските реформи во судството за кои добивавме позитивни оценки од Европска унија, за разлика од сега кога ќе добиеме крајно негативни за сето она што се случува во судството вклучително и во Судскиот совет се случија во периодот помеѓу 2002 и 2006 година кога беа донесени и токму за тие реформи во судството што ги добивавме пофалбите од Европска унија ВМРО ДПМНЕ односно тогашните пратеници на ВМРО ДПМНЕ не гласаа и не ги поддржаа. Очигледно е дека ВМРО ДПМНЕ заборава, но Македонија помни. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика е пријавен господинот Беќир Исени, повелете.

**Беќир Исени:** Јас не се пофалив кога го читав Извештајот ниту сега прогнозирам, знам какви ќе бида резултатите, дали ќе бидеме пофалени или не во однос на судството, за тоа ќе зборуваме

отом потом. Јас сум убеден дека ќе имаме многу позитивна оценка во однос на судството.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен.

Предлогот на заклучокот содржан во Извештајот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеника, од нив за предложениот заклучок гласаа 48, воздржани нема, против 10.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата беа присутни 60 пратеници, гласањето не е полноважно.

Ги молам пратениците да влезат во салата, за да можеме да пристапиме кон гласање.

Потребен е уште еден пратеник за да може да се гласа.

Во салата има 61 пратеник.

Можеме да преминеме на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеника, од нив за гласаа 48, воздржан нема, против 12 пратеника.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 31. - Годишен извештај за работата на Народниот правобранител за 2007 година.**

Извештајот за работата на Народниот правобранител и Извештајот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да учествуваат во претресот да се пријават за збор.

Процедурално е пријавена госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Јас ќе замолам, според Деловникот, за пауза од 10 минути пред да преминеме со пријавување за дискусија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Добро, бара 10 минути пауза, ја прекинувам седницата, продолжуваме во 16,53 часот.

Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точка 31 - Годишен извештај за работата на Народниот правобранител за 2007 гоедина.**

Извештајот за работата на Народниот правобранител и Извештајот на Комисијата за политички системи и односи меѓу заедниците ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да учествуваат во претресот, да се пријават за збор.

За збор се јавија: Народниот правобранител на Република Македонија господинот Иџет Мемети, госпоѓа Роза Топузова Каревска, господинот Сафет Незири и госпоѓа Станка Анастасова.

Има збор господинот Иџет Мемети.

**Иџет Мемети:** Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Со овој Годишен извештај господа пратеници ве информирам за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на правата на граѓаните и за почитувањето на принципот на недискриминација и соодветна и правична застапеност за 2007 година согласно Уставот и Законот за Народен правобранител.

Уште на почеток сакам да потенцирам, дека Годишниот извештај на Народниот правобранител е истовремено најважниот инструмент што го има оваа институција во едно општество за постигнување на основната цел поради која таа е востановена, а претставува реална слика за состојбите по однос на степенот на почитување, остварување и заштита на правата на граѓаните во Република Македонија.

Извештајот воедно ги отсликува и состојбите во органите над кои Народниот правобранител надлежно постапува во однос на заштитата на човековите права, како и начинот на кој функционира самата институција, нејзината организација, потешкотиите и предизвиците со кои се соочува во своето работење и т.н.

Република Македонија е определена на патот кој води кон целосно унапредување на демократските процеси во општеството. Тоа почитувани пратеници не може да се реализира без задоволително ниво на почитување на човековите слободи и права, поради што сметам дека Извештајот ќе биде користен инструментариум за вас, односно Парламентот во вршењето на политичката контрола што ја имате и надзор што вршите над работата на институциите во системот кои се одговорни пред вас, односно пред Парламентот. Констатациите за работењето на органите на Државната управа низ призма на човековите права, односно степенот на нивно почитување искрено се надевам дека ќе предизвикаат расправа и ќе бидат предизвик за креирање и спроведување активности што ќе придонесат општата состојба на планот на човековите права постојано кај нас во Република Македонија да бележи позитивен тренд. Говорејќи за ова сакам да истакнам дека заклучоците за состојбите со почитувањето на човековите права во изминатата година се темелат исклучиво врз она што значи предметно работење на Народниот правобранител било по тоа кога граѓаните поднесуваат претставка, било по тоа кога Народниот правобранител оценува дкеа за одредена состојба треба да отвори одредена постапка.

Почитувани пратеници, институцијата Омбуцман во Република Македонија како што знаете постои веќе 10 години и говорејки од аспект на нејзината позиционираност во правно политичкиот систем може да се каже дека ги има неопходните претпоставки за успешно фукционирање. Меѓутоа, главните предизвици со кои се соочува во работата не е само формално правниот карактер. Напротив, основна пречка во целосното имплементирање на барањата и препораките на Народниот правобранител и законито и доследно работење на институцијата и понатаму претставува односот и разбирањето, односно неразбирањето на државната администрација на оваа институција. И понатаму критиките наместо да бидат разбрани на начин кој би резултирал со надминување на слабостите заради заштита на правата на граѓаните се толкува понекогаш и како напад и кон нив не се пристапува со должно внимание. Точно е дека од една страна постои зголемен број на претставки по кои Народниот правобранител соодветно интервенирал, а интервенциите биле прифатени. Но, исто така, неспорен факт е дека во одредени сегменти од Управата постои неразбирање поради незнаење за надлежностите на оваа институција. И покрај потешкотиите и предизвиците со кои се соочува институцијата во своето работење, сепак благодарение на методите на работа, односно сеопфатното истражување на предметите со директен увид на работата на администрацијата се постигна задоволителен стпен на доверба кај граѓаните за работата на институцијата и нивна информираност за надлежноста за што говорат и зголемениот број претставки кој секоја година се зголемува.

Друго е прашањето по однос на две основни уставни начела како што е начелото за недискриминација и соодветна и правична застапенсот. Недостатокот на законска регулатива за уредување на заштитата од дискриминација доведува до неинформираност на граѓаните за што говори и фактот дека мал број на граѓани по овој основ се јавуваат да се жалат кај Народниот правобранител. Но, се надевам, затоа што во процедура е донесувањето на законот за спречување на дискриминацијата. Овој закон ќе му овозможи на Народниот правобранител, односно на институцијата и потемелито да ги истражува и да има можност пообејктивно да ги истражува случаите за недискриминација и да им помогне на граѓаните кои во одредени случаи можат да бидат цел на дискриминација, или се дискриминирани. Од аспект на остварувањето на принципот на соодветна и правична застапенсот институцијата презема активности. И како што знаете секоја година кога поднесува извештај, поднесува исто така и посебен извештај краток по однос на тоа како се движи застапеноста на сите заедници во Република Македонија. Тука би потенцирал дека потешкотиите во поголем дел се кај јавните претпријатија. Инаку, се бележи благ тренд на пораст на соодветната и правичната застапенсот со тоа што морам да нагласам дека има одредени случаи кога таа стагнира понекогаш. И во оваа извештајна година морам да нагласам дека имаше кршење на правата со примена на дејствија на присила наместо да се случуваат со методи за советување, убедување и укажување, стручна помош на граѓаните. Досегашните искуства неспорно водат до заклучок дека е потребно да се зајакнат овластувањата на Народниот правобранител пред се од аспект на истрагите на ваквите случаи, особено поради фактот дека со потпишувањето на факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура на ОН, Република Македонија ќе има обврска од негова ратификација за да создадеме услови за функционирање на независен механизам за заштита и превенција од тортура. Искуствата во светот покажуваат дека токму институцијата Народниот правобранител ги исполнува условите за да ја врши и оваа функција.

Почитувани пратеници, нема да ве задржам и да ве замарам со бројки, затоа што бројките по однос на нашата работа ги имате во Извештајот.

На крај би сакал да нагласам дека во 2007 година ние сме констатирале 213 повреди на човекови права и сме упатиле 213 препораки или интервенции до надлежните институции од кои по 848 случаи органите и организациите со јавни овластувања постапиле по интервенциите на Народниот правобранител. Поаѓајки од позицијата на овластувањата во Извештајот се изложени оценки и за објективните и субјективните причини за присуството на слабостите во јавната администрација, како и по прашањата во врска со остварувањата на правата на граѓаните. Исто така, дадена е и оценка на соработката на органите на Државната управа над кои Народниот правобранител надлежно постапува од кое се гледа дека сеуште недостасува суштинска соработка. Сакам да кажам дека во оваа насока треба да се вложи уште труд.

На крајот, сакам да го изразам своето убедување дека Парламентот објективно го информирам за состојбите со нивото на остварување и заштита на правата на граѓаните во Република Македонија и дека Парламентот ќе донесе конкретни заклучоци со кои ќе ги задолжи органите на Државната управа над кои надлежно постапуваме во рамките на своите можности и надлежности да ги спроведуваат препораките и заклучоците на Народниот правобранител. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Со оглед на претходно договореното, ја прекинувам седницата и продолжуваме утре со истата седница, со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 17,05 часот)